

Денови на македонската култура во Истра



Intervju s Toninom Piculom

- Za EU kakva bi trebala biti: solidarnost svih i mogućnosti za sve

# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Година XXIV 2017.

МАЈ – ЈУНИ
SVIBANJ – LIPANJ

ISSN 1333-7769

БРОЈ 107

## Медиумскиот простор за малцинствата сè повеќе се намалува





Културна манифестација што поврзува два града и две држави



Чествување на св. Кирил и Методиј во Сплит

## ЧЕСТИТ ИЛИНДЕН!

# BlokMAX®

## Učinkovit kod različitih vrsta bolova i simptoma prehlade i gripe!

*ibuprofen*

- glavobolja
- zubobolja
- menstrualni bolovi
- bolovi u mišićima i leđima
- vrućica




**BlokMax**
Pojedinačna doza je 1-2 tablete.
Ne smije se uzeti više od 6 tableta (1200 mg ibuprofena) tijekom 24 sata.

Razdoblje između doza treba biti 4 – 6 sati.

**200 mg ibuprofena**



**BlokMax forte**
Pojedinačna doza je 1 tableta.
Ne smije se uzeti više od 3 tablete (1200 mg ibuprofena) tijekom 24 sata.

Razdoblje između doza treba biti 4 – 6 sati.

**400 mg ibuprofena**

ALKALOID
*Health above all*

Prije upotrebe pažljivo pročitati uputu o lijeku, a o rizicima i nuspojavama upitajte svog liječnika ili ljekarnika.

OGL-151t-01-03-2017-HR

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

# ЕХО НА ВРЕМЕТО

## Агол на уредникот
## Urednikov kutak



Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Превод и лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Ана Азеска – Риека
Елена Кипровска Кнежиќ – Задар
Биљана Митревски – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# Кога „природата“ те буди

Во овие жешки јулски денови, ширум Хрватска нè прашуваат што е тоа, што се случува „долу“ кај вас? Македонија повторно се тресе!

Не, не, овој пат не станува збор за евроатланските интеграции. Или рашомонот со таканаречениот наметнат проблем со името на земјата. Прашањето е подлабоко. Натопено со човечка и хумана конотација.

Македонија и македонскиот народ повторно се соочуваат со природните закани и предизвици кои од далечната 1963 година судбински се врежани во македонската колективна меморија. Драматичните последици и асоцијации на катастрофалниот јулски земјотрес во Скопје повторно воскреснаа и ја вознемирија државата.

За што станува збор? Хрватските Македонци добро го разбраа прашањето без оглед на редица метафори кои произлегуваат од него. Станува збор за неколку стотини не само непријатни, туку и злокобни земјотреси што со недели го тресат Охрид со епицентар во охридскиот регион. Еден новинар на хрватската телевизија елоквентно и предупредувачки забележа дека не само жителите на Охрид и Струга, туку и многубројните туристи веќе подолго време не ги навиваат часовниците за утринско будење... Ги буди редовно и прецизно „природата“ во исто време, секој ден.

Останува голема неизвесност кај нас, Македонците од Хрватска, кај хрватските пријатели, граѓаните на Македонија... Стравот и вознемиреноста остануваат како секојдневна константа, но животот тече, културните настани се редат како на подвижна лента, туристичката понуда е збогатена, во тек се промоции на книги и гостувања на странски уметници. Подготовките за „струшката поезија се во тек“. Се подготвува и чествување на Илинден.

Кој ќе победи? Природата? Човекот?

Хрватските пријатели немаат дилема. Велат, ќе победи Македонија! На секој план и во секој поглед!

Искрено им благодариме на Хрватите!

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Во јуни дојде до смена на власта во Македонија

*Приоритети на новата реформска Влада на чело со премиерот Зоран Заев се подобрување на стандардот на граѓаните и влез на земјата во НАТО и ЕУ*



На први јуни, во Владата на Република Македонија, новиот премиер Зоран Заев ја презеде функцијата од неговиот претходник, техничкиот премиер, Емил Димитриев. Заев посочи дека му е драго што на пријателски начин се направи примопредавањето, кое испраќа, исто така, позитивна порака за граѓаните дека без разлика на политичките околности, нивните политички позиции и некогаш спротивставени со политичките опоненти, сепак на сите им е јасно дека ќе си требаат еден со друг заради граѓаните, заради државата, заради реформите и за сето она што е интерес за граѓаните.

Во редовите на новата Влада се: Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Драган Тевдовски министер за финансии, Никола Димитров, министер за надворешни работи, Рената Тренеска Десковска, министер за образование и наука, Горан Сугаревски, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Крешник Бектеши, министер за економија, Билен Саљији, министер за правда, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Арбен Тарави, министер за здравство и Роберт Алаѓозовски, министер за култура.

Кочо Анѓушев е избран за министер без ресор, кој е и вицепремиер за економски прашања. Бујар Османи исто така е избран за министер без ресор, но и вицепремиер за евроинтеграции, а Хазби Лика ќе биде задолжен за политички систем и односи меѓу заедниците. За министри без ресор се избрани и Едмонд Адеми, Роберт Поповски, Аднан Ќахил, Самка Ибраимовски, Зоран Шапуриќ и Зорица Апостоловска.

## Приоритети ЕУ и НАТО

Премиерот Зоран Заев истакнува дека Владата на Република Македонија и парламентарното мнозинство цврсто се определени да спроведат значајни реформски процеси со цел подобрување на стандардот на граѓаните и да ја внесат Македонија во ЕУ и НАТО.

„Новата Влада ќе работи посветено на реформите што ги најавивме за да обезбедиме квалитетен живот за граѓаните на Македонија и да ги отвориме перспективите во ЕУ и НАТО. Нема поважни цели од овие за граѓаните, без разлика на нивната политичка или каква било друга припадност, како што нема поважна стратешка цел на државата од евроатлантските интеграции“, вели премиерот Заев.

Истакнувајќи дека ќе работат чесно и посветено исклучиво за потребите на граѓаните на Македонија, тој рече дека Македонија ќе биде држава на сите граѓани и оти ќе се гради обединето општество кое ќе обезбеди стабилност.

Во фокусот на Владата, меѓу другото, ќе биде развој на економијата и стандардот на граѓаните, при што најавува просечна стапка на раст од пет проценти, зголемување на минималната плата на 16.000 денари и до 30.000 денари на просечната плата.

М. Г.

# Од годинава електронско поднесување на извештаите





Третата седница на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ се одржа на 27 мај 2017 година во просториите на ЗМРХ. Гости на седницата беа Томе Апостоloски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб, Никола Гроздановски, почесен претседател на ЗМРХ, Зорица Велиновска, претседателка на УО на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ Загреб и Љубинка Бамбир, член на УО на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ Загреб. Претседателот на ЗМРХ, Илија Христодулов, ги поздрави присутните и најнапред им даде збор на гостите. Велиновска, со благослов на протојереј Кирко Велински, ги информираше присутните како напредува изградбата на Македонската православна црква во Загреб. Во дискусијата се нагласи дека е потребен поголем ангажман за собирање донаторски средства за изградба на црквата.

По усвоениот дневен ред и записникот од 2. седница, се прифати и Годишниот финансиски извештај на ЗМРХ кој се дава на усвојување на Собранието на ЗМРХ. Се усвои записникот од состанокот на пописната комисија на ЗМРХ за 2016 година, како и Кварталниот финансиски извештај за 2017 година. Ангел Митревски како член на Советот за националните малцинства на РХ информираше за Одлуката на Советот за распоредот на средствата обезбедени од Државниот буџет на РХ за финансиска потпора на програмите на ЗМРХ за 2017 година. Се рече дека извештаите од оваа година ќе се поднесуваат исклучително електронски преку интернетска апликација, исто како и програмите. Се дискутираше и за реализацијата на овогодишните програми по Одлуката на Советот.

На крајот, Томе Апостолоски на присутните им подели примероци од книгата „Силјан штркот“ во издание на Советот на МНМ за Град Загреб за учениците од изборните настави по македонски јазик и култура, а Елизабета Петровска им подели по еден примерок од најновата книга „Сончева понорница“ од Огнен Бојаџиски.

Е. П.




SRIJEDOM I ČETVRTKOM TAMBURAŠI – GRUPA „TO JE TO“ • PETKOM I SUBOTOM – GRUPA „MAKEDONSKA DUŠA“

Na adresi Ilica 298, Zagreb, naselje Kustošija, odmah pored Name, dođite da osjetite dašak zemlje sunca gdje se spajaju okusi Balkana, Orijenta i Mediterana!

Organiziramo svake vrste obiteljske proslave te poslovne susrete. Veselimo se vašem dolasku!

# Медиумскиот простор за малцинствата сè повеќе се намалува




***Наместо медиумскиот простор да се зголемува и сè повеќе да им се даде простор на националните малцинства каде ќе се кажат, покажат и слушнат проблемите на националните малцинства, нивната култура, традиција и обичаи, како и сите нивни богатства, кои не смеат да се заборават и се пренесуваат од колено на колено, а пред сè писмото и јазикот, тој простор во Хрватска сè повеќе се намалува, беше потенцирано на семинарот „Медиумите и малцинствата“ што се одржа на 16. мај во Опатија***

Претседателот на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска, Александар Толнауер, кој буквално е огорчен на сите медиуми во Р. Хрватска, како и на ТВ емисијата „Призма“ (Хрватска телевизија), бидејќи за сите овие години на постоење на Советот за националните малцинства на РХ, наместо медиумскиот простор да се зголемува и сè повеќе да им се даде простор на националните малцинства каде ќе се кажат, покажат и слушнат проблемите на националните малцинства, нивната култура, традиција и обичаи, како и сите нивни богатства, кои не смеат да се заборават и се пренесуваат од колено на колено, на своите деца, а пред сè писмото и јазикот, тој простор сè повеќе се намалува. За сето горе наведено, Толнауер смета дека сè помалку и помалку малцинствата ги има во медиумите, медиумскиот простор на јавната телевизија која е државна е сведен на неколку часови во годината, за што изнесе и статистички податоци, а да не зборуваме за локалните медиуми и оние кои се приватни. Беа дадени статистички податоци дека доста локални медиуми примаат државни средства, некои и над 100.000,00 куни годишно, исклучително на име за национални малцинства, а во нивниот простор воопшто не се застапени малцинствата. Со овие податоци, Толнауер покажа примери каде сè повеќе се зголемува национализмот и дискриминацијата во Хрватска, каде од поединци се пишуваат графити против националните малцинства. Беше наведено за Евреите, Ромите и други, за што никогаш и никој не е санкциониран.

Својот став претседателот на Советот за националните малцинства на РХ го изнесе на семинарот *Медиумите и националните малцинства во Р. Хрватска* – Заштита на малцинствата и улога на медиумите во демократизацијата во хрватското општество, што се одржа во Опатија на 16 мај 2017 год. во организација на Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства при Владата на РХ, а во соработка со Советот за националните малцинства во РХ.

## Дискриминација на малцинствата

Во име на Советот на македонското национално малцинство за Град Риека беше присутна Ванѓа Калиќ, а во името на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула присуствуваа потпретседателите на Друштвото, Симеон Јанев и Милена Златеска, која е и член на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, како и член на Советот на МНМ за Град Пула и на Советот на МНМ за Истарската жупанија.

Семинарот го водеше м-р Бранко Сочанац, в.д. раководител на Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства при Владата на РХ, кој ги поздрави присутните и го образложи дневниот ред.

Вељко Кајтази, застапник во Хрватскиот сабор за ромското национално малцинство, повеќе се осврна на правата на Ромите, нивната интеграција во хрватското општество, од градинка па сè до високото образование, па и тој смета дека е преголема дискриминацијата, особено кон Ромите.

Семинарот продолжи со предавање на проф. д-р Синиша Таталовиќ од Факултетот за политички науки, на тема *Остварување на правата на нацио-*

*налните малцинства и медиумската перцепција*. Проф. Таталовиќ истакна дека и самиот се надевал дека со влегувањето на Хрватска во ЕУ правата на националните малцинства ќе се зголемат и уставните закони ќе почнат во целост да се спроведуваат во Хрватска, но за жал дискриминацијата е сè поголема и поголема, а за сето тоа сè помалку се зборува, луѓето сè уште се уплашени и од некои причини не се ни декларираат како малцинства, туку се асимилираат. Што се однесува до вработувањето, особено во јавните државни институции, малцинствата или воопшто ги нема или тука и таму има само по некој. Тој се осврна и на проблемите за функционалноста на советите и претставниците на националните малцинства за што е направена и студијата *Сигурносна политика на Р. Хрватска* од страна на Факултетот за политички науки, односно на проф. Ружица Јакешевиќ, проф. Синиша Таталовиќ и Томислав Лацовиќ, студент на постдипломски специјалистички студии, и истата во писмена форма им беше дадена на присутните.

Проф. Таталовиќ во своето долго излагање рече дека советите и претставниците на малцинствата само фигурираат во локалните и регионалните места, бидејќи многу малку од нив се упатени во проблематиката на локалната самоуправа како и на регионалната, а некои воопшто немаат никаква функционалност, не се запознаени со проблемите на своето малцинство, немаат медиуми или не ни сакаат својот проблем да го кажат од некоја непозната причина, а друго, воопшто не се известени за работата на локалната самоуправа или на регионалната, што значи дека загарантираните уставни права не се спроведуваат. Негов заклучок беше дека треба што повеќе јавно да се зборува за секој



проблем и треба што поголема едукација на луѓето со цел на самоосвестување и барање на своите загарантирани уставни и законски права.

## Јавноста треба да ги знае проблемите на малцинствата

Во рамките на Семинарот беше презентиран филмот *Правда* од ХРТ – Редакција за национални малцинства, иселеништво и цивилно општество – мултинационален магазин „Призма“, Даниела Драштата. Филмот зборува за дискриминацијата во Бјеловар на која територија не е водена Татковинска војна, но сеедно се разрушени доста куќи на тамошните малцинства, дури се дискриминирани и Хрвати кои се пријатели на малцинствата. Во овој филм барем во мал дел е прикажан големиот проблем на малцинствата над кои е извршено насилство, а кое насилство не е санкционирано. Самата уредничка на овој филм потврди, со самото отворање на мултинационалниот магазин „Призма“, дека доста националисти имаат реагирано и бараат негово укинување, а и вршен е голем притисок за неприкажување на овој филм.

По филмот се поведе поообемна расправа, во која се обратија Сузана Кунац од Агенцијата за електронски медиуми, Жељка Мандиќ од Хрватска радиотелевизија и Младен Стојановиќ од Канцеларијата на народниот правобранител, кои во главно истакнаа дека самиот државен систем нема поголем медиумски малцински простор. Тоа е една новинарска куќа која е сведена на минимален број новинари кои не стигнуваат да одработат сè на терен.

Од страна на македонското национално малцинство, Симеон Јанев направи една споредба денес и со оној период кога дошол од Р. Македонија, шеесеттите години, како момче на студирање. Милена Златеска нагласи дека во последно време македонското национално малцинство е најмалку застапено на државната телевизија, најчесто во „Призма“, дека за јубилејните настани се повикани и не се дојдени, а се осврна на животот на националните малцинства во Истарската жупанија и рече дека може да се каже дека малцинствата се најдобредојдени токму на овој простор. За тоа даде пример со отворањето на *4. Фестивал на мултикултуралност во Истра*, кој беше одржан на „Денот на Европа“ на 8 и 9 мај, отворен од страна на градоначалникот на Град Пула, Борис Милетиќ, кој рече дека малцинствата се многу важни за овој град и овој регион, дека нивната култура и разноликост се богатство, со што овој регион се гордее. Златеска критички се осврна на некои изјави кои се кажани во Хрватскиот сабор на штета на малцинствата. Ванѓа Калиќ надополни со поздравни зборови од претседателот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Илија Христодулов, и ги изнесе неговите критички зборови, како може една јавна телевизија која треба сите да нè застапува, како што е „Призма“, да не се појави на настанот по повод 25-годишнината од основањето на ЗМРХ.

Заклучок на овој Семинар беше дека за сè треба јавно да се зборува, сè треба да се каже и да се врши притисок врз медиумите за што поголема застапеност на националните малцинства, со цел да се кажат проблемите со кои тие се сретнуваат секојдневно.

Михаела Златеска

## TONINO PICULA



*Razgovaramo s hrvatskim europarlamentarcem, Toninom Piculom, izvjestiteljem u sjeni za Republiku Makedoniju u EU Parlamentu, dužnost koju je naslijedio od svog kolege Richarda Howitta iz Velike Britanije*

# Za EU kakva bi trebala biti: solidarnost svih i mogućnosti za sve

**Povod je nesporazum koji je nastao u svezi s amandmanom 14. u ovogodišnjem Izvješću za Republiku Makedoniju, u kojem se, kako bi se izbjeglo blokiranje cijelog dokumenta od strane grčkih i bugarskih europarlamentaraca budući da se u zvaničnim pravnim dokumentima ne smije koristiti naziv „Republika Makedonija", tražilo kompromisno rješenje na što su reagirale Zajednica Makedonaca u RH i Vijeće makedonske nacionalne manjine Grada Zagreba u ime Koordinacije vijeća i predstavnika makedonske nacionalne manjine u RH, koji smatraju da je to neprihvatljivo za Makedonce u Republici Hrvatskoj te je u tom kontekstu došlo i do zajedničkog susreta u Vašem uredu u Zagrebu, u petak, 16.6.2017.**

**Kao osoba koja za sebe kaže da je dugogodišnji prijatelj Makedonije i veliki zagovornik njezinoga pristupanja u EU, nedavno ste ostvarili susret s predsjednikom Zajednice Makedonaca u RH, g. Ilijom Hristodulovim, predsjednikom Koordinacije vijeća i predstavnika makedonske nacionalne manjine u RH te predsjednikom Vijeća makedonske nacionalne manjine Grada Zagreba, g. Tomom Apostoloskim i g. Maciejom Kaczorowskim, savjetnikom i privremenim otpravnikom poslova pri Veleposlanstvu Republike Makedonije u Republici Hrvatskoj, u svezi s nastalim nesporazumom koji se odnosi na amandman 14. u godišnjem Izvješću za RM u EU parlamentu. Možete li nam reći o čemu je bilo riječi na susretu?**

Imenovanje za izvjestitelja u sjeni za Makedoniju prihvatio sam s velikim zadovoljstvom jer je moja podrška Makedoniji na njezinom europskom putu oduvijek bila neupitna. No, s time sam prihvatio i odgovornost koju ta funkcija donosi. S novom ulogom, naslijedio sam dosadašnju politiku grupe kojoj pripadam prema Makedoniji, a koja joj je također uvijek bezrezervno pružala potporu na njezinom putu prema EU. U ime grupe je podnesen 21 amandman na ovogodišnje izvješće o Makedoniji u kojem višestruko izražavamo podršku napretku Makedonije i njezinom pristupanju Uniji. U jednom od amandmana npr. naglašavamo kako Vijeće EU godinama neopravdano blokira otvaranje pregovora Makedonije s Europskom unijom te jasno tražimo da to pitanje ne smije biti prepreka hitnom otvaranju pregovora (amandman br. 39).

Amandman br. 14 o kojem posebno pitate rezultat je višegodišnje politike grupe kojoj pripadam, a svrha mu je da se izbjegne blokiranje cijelog dokumenta od strane nekih, prvenstveno grčkih i bugarskih zastupnika, odnosno da se uopće može usvojiti izvješće o Makedoniji sa svim kvalitetnim odredbama koje sadrži. Budući da u pravnim dokumentima EU ne smije koristiti naziv Republika Makedonija, već naziv – Bivša Jugoslavenska Republika Makedonija, amandmanom br. 14 izbjegavamo stalno ponavljanje tog nekorektnog naziva, a zadržavamo pojam „makedonski". Dakle, radi se o kompromisnom prijedlogu za kojeg se izborio moj prethodnik Richard Howitt i koji je do sada uvijek bio usvajan. Podržan je i ovog puta od strane svih većih političkih grupa, uključujući pučane i liberale. Međutim, ove se godine vadio iz konteksta i interpretirao izrazito tendenciozno.

### Podrška Makedoniji

Ponavljam i za vaš list; niti je namjera S&D-a, niti naravno moja osobna, ikad bila negirati postojanje i priznavanje imena Republike Makedonije. U ovom slučaju radilo se o podmetanju od strane jednog dijela makedonske politike koja je višestruko izgubila na vjerodostojnosti u Makedoniji i izvan nje. Prijedlogom iza kojeg stojim ja i moja politička skupina sprječava se odbijanje cjelokupnog izvješća i blokiranje Europskog parlamenta da izrazi svoju podršku Makedoniji.

Inače, u svojim javnim nastupima uvijek, bez iznimke, koristim nazive Republika Makedonija ili Makedonija, što je i službeno stajalište Republike Hrvatske.

U politici je presudno važno ono što se može i dokumentirati. Zato mi je drago da imam priliku objasniti ovaj nesporazum (sa i bez navodnika), a vjerujem da će moje daljnje zalaganje za interese Makedonije samo dodatno potvrditi rečeno.

**Zastupate stav da bilateralno pitanje između Republike Makedonije i Grčke ne smije biti prepreka u hitnom otvaranju pregovora s EU. Mislite li da će se stvari pomaknuti s mrtve točke?**

Na žalost, u Makedoniji i preko Makedonije se dugo isprepliću različiti interesi, a neizvjesnost su dodatno pojačali događaji nakon posljednjih parlamentarnih izbora koje sam kao dio izaslanstva Europskog parlamenta nadgledao u Gostivaru, Kičevu i Skopju. Iz-

borni rezultati pokazali su visoku polarizaciju i političke podjele u makedonskom društvu. Krajem prošle godine nije pomoglo posredovanje EU kao ni ono posebnog izvjestitelja UN-a i bilo bi nerealno očekivati značajne pomake odmah, u kratkom roku. U sporu oko imena, i Atena i Skopje moraju biti otvoreniji i ozbiljno razgovarati o svojim pozicijama. Sada kada djeluje nova vlada u Skopju, mora se krenuti naprijed jer Makedonija još uvijek nema datum za početak pregovora iako je kandidatkinja za članstvo u EU od 2005. godine.

Bilateralni odnosi svake zemlje prolaze kroz različite faze i sukladno tome, osciliraju. No, to ne znači da su kao takvi osuđeni na neuspjeh. Situacija u Makedoniji i njezinom okruženju je takva da se rješenja moraju brzo ponuditi.

**U dosadašnjim Vašim nastupima neupitna je podrška koju dajete RM na putu ka EU. Recite nam mogu li hrvatski europarlamentarci nešto konkretnije učiniti u tom pogledu, na što su apelirali i Vaši sugovornici?**

Dok sam još bio ministar vanjskih poslova, govorio sam da je moj san da Hrvatska jednog dana na svakom centimetru svojih granica graniči samo sa članicama Europske unije.

Unatoč još otvorenim bilateralnim pitanjima Makedonije s njenim susjedima, Europska unija nikad nije i neće okrenuti leđa Makedoniji. Izvješće o napretku Makedonije koje je usvojio Europski parlament, ipak je, uz sve kompromise koje sadrži, značajan „poguranac“ za Makedoniju. Hrvatska je od Makedonije udaljena samo geografski – po svemu drugome, naše su zemlje vrlo bliske i činjenica je da je Hrvatskoj u interesu da Makedonija postane članicom EU što prije.

Kao izvjestitelj u sjeni za Makedoniju u ime Socijalista i Demokrata nadzirao sam posljednje izbore što mi je dalo dodatan blizak uvid u političku situaciju, a tijekom ostatka mandata bit ću zadužen za sva relevantna pitanja koja se tiču Makedonije i koja će biti na dnevnom redu u Europskom parlamentu.

Osobno sam u Europskom parlamentu učestalo pozivao na hitno političko rješavanje problema u Makedoniji. Moram naglasiti i da zadnji izbori u Makedoniji ne bi bili mogući da se Europski parlament nije posebno angažirao oko toga. Jedino je uporna medijacija mogla povezati dotad oštro sukobljene političke opcije. Posebna vrijednost sporazuma iz Pržina je dogovor o posebnoj listi zadataka, odnosno prioriteta što je bio značajan napredak.

## EU je imala presudnu ulogu i u rješavanju duboke političke krize u Makedoniji

**Nedavno je i Vaša kolegica iz EU parlamenta Marijana Petir izjavila da Makedonija ne treba mijenjati ime, već da EU treba promijeniti pristup.**

EU može poticati dijalog i naša reakcija mora uvijek, prije svega, biti dosljedna. Normalno je da političke zajednice prolaze kroz krize, ali ono što ih razlikuje je kako neka politička zajednica prepoznaje krizu i kako iz nje izlazi. Kad govorimo o dugotrajnoj krizi u Makedoniji iz perspektive EU, mi ujedno odgovaramo na pitanje kakva politička uređenja Bruxelles stimulira u državama na Zapadnom Balkanu. Ovisno o tome koliko smo jasni u tome i koliko snažno zahtijevamo da se poštuju demokratski standardi, time šaljemo poruku svima koji ih krše.

Valja podsjetiti da je međunarodna zajednica u nekoliko navrata pomogla Makedoniji u zadnjih 25 godina da izađe iz opasnih i kriznih situacija, a spremna je to učiniti opet kako bi se očuvala cjelovitost zemlje i nastavio njezin europski put. Europska unija je imala presudno važnu posredničku ulogu i u rješavanju duboke političke krize u Makedoniji koja je trajala posljednje dvije godine. Za svaki problem je najbolje ono rješenje do kojeg dođu strane



koje su izravno uključene u spor, a uloga Unije je da pomogne kada se to od nje zahtijeva.

Najvažnije je što Europska unija vidi budućnost Makedonije u zajedničkoj europskoj obitelji i nadam se da će ove godine biti otvoreno novo poglavlje na putu Makedonije u EU.

**Makedonija je već godinama u svojevrsnoj „blokadi“ i nikako ne može izaći iz tog labirinta koji joj je nametnut. Kakve su vaše prognoze, budući da ste upućeni u ovu problematiku već duži period, a imajući u vidu i Vaše zahtjeve i napore za pozitivnu preporuku za otvaranje pristupnih pregovora Makedonije s EU?**

Vrlo je važno imati snage nadvladati svoje slabosti kada smo suočeni s njima. Unutarnje napetosti češće stvaraju dugotrajnije zastoje nego vanjski faktori. U tom pogledu, negativnog primjera radi, moram spomenuti jednu zemlju koja stagnira već dulje vrijeme baš zbog neriješenih unutarnjih pitanja. To je BiH. I Hrvatska je morala mijenjati „sebe“ zbog članstva u Europskoj uniji. Zbog tog napora možemo poslužiti kao primjer našim susjedima u procesu pristupanja kojima želimo što prije dobrodošlicu u EU. Nakon duge stagnacije, bilo bi jako važno da se Makedoniji pomogne u oslobađanju od utega koji joj nisu dopuštali da napreduje. Na formiranje vlade treba gledati kao priliku za novi početak. O tome sam više puta razgovarao s bivšim ministrom vanjskih poslova Nikolom Poposkim s kojim sam se sastao u Bruxellesu, a nedavno sam u tom duhu govorio i s novim premijerom Zoranom Zaevom.

EU želi Makedoniju koja će početi otklanjati sve ono što ju je kao zemlju opterećivalo u proteklih 26 godina. Građani Makedonije imaju vrlo jasnu želju da postanu dio EU-a, o čemu EU mora voditi računa u tekućim raspravama o budućnosti bloka. Mora u dogledno vrijeme predvidjeti novo proširenje i svakako Makedoniju među novim članicama. Stabilnost Makedonije utječe na stabilnost jugoistoka Europe – vi imate susjede koje jesu članice EU, ali i zemlje koje su na pristupnom putu; radi se o jednom od najosjetljivijih prostora na europskom kontinentu. Vlast koja u Skopju ozbiljno prihvati vlastitu odgovornost za demokratizaciju zemlje i koja će poštovati dobrosusjedske odnose već će time ispuniti dobar dio EU agende.

**Za kraj, ukratko nam recite u kakvom je ozračju protekao susret s Vašim sugovornicima i kakva su Vaša zapažanja i iskustva o makedonskoj nacionalnoj manjini u RH kao lojalnim građanima Republike Hrvatske, poglavito Zajednice Makedonaca i Koordinacije vijeća i predstavnika makedonske nacionalne manjine u RH?**

Susret je bio, vjerujem, koristan za obje strane. Kao zastupnik u Europskom parlamentu dobio sam neke nove informacije koje će mi biti od pomoći pri izražavanju stajališta pred EU institucijama kao i u svakodnevnom parlamentarnom radu. Jednako važno je i to što sam mogao čuti one koji predstavljaju glas građana, s kojima i na ovaj način mogu biti u kontaktu. Drago mi je čuti da su Makedonci u Hrvatskoj zadovoljni. Oko 4200 Makedonaca u Republici Hrvatskoj vrijedno doprinosi boljitku zajedničke domovine. Poštujem rad Vijeća makedonske nacionalne manjine i računam na buduću uspješnu suradnju. Ovu prigodu koristim i da još jednom naglasim makedonskim prijateljima kako im moji asistenti i ja stojimo na raspolaganju, a moji uredi u Zagrebu i Bruxellesu su uvijek otvoreni.

Milena Georgievska



# Осуда на сите појави на националистичка и противмалцинска реторика

***Советот за националните малцинства на Република Хрватска, во соработка со владината Канцеларија за човекови права и права на националните малцинства на Република Хрватска, на 3 јули 2017 година одржа годишен Семинар за спроведување на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства***



Во врска со наведената Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства која ја потврди Хрватскиот сабор во септември 1997 год., Владата на РХ редовно ги исполнуваше своите обврски и досега поднесе четири известувања за спроведувањето на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и тоа во 1999, 2004, 2009 и 2014 година. Четвртото мислење на Советодавниот одбор на Советот на Европа за спроведување на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства беше презентирано во Стразбур на 18 ноември 2015 год.

Во овој документ дадени ѝ се конкретни препораки на Република Хрватска итно да ја вметне грижата за малцинските права во својата програма за човековите права, а во соработка со претставниците на националните малцинства да развива ефикасни механизми со кои се осигуруваат сите права на националните малцинства.

Исто така, се бара да се осудат сите појави на националистичка и противмалцинска реторика во јавниот и политичкиот говор и да се овозможи на медиумите неделни изданија без цензура. Да се обезбеди поддршка на власта кон националните малцинства и на еден поозасилен начин да се конкретизираат зададените налози.

На семинарот се обратија м-р Бранко Сочанац, директор на владината Канцеларија за човекови права и права на националните малцинства на Република Хрватска и Александар Толнауер, претседател на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, проф. д-р Милорад Пуповац, претседател на Одборот за човекови права и права на националните малцинства на Хрватскиот сабор и доц. д-р Антонија Петричушиќ, дополнителен член на Советодавниот одбор за следење на спроведувањето на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Тие ја претставија законодавната и институционалната рамка за заштита и промоција на правата на националните малцинства во РХ и ја образложија важноста на донесувањето и спроведувањето на Рамковната конвенција.

Биљана Митревски

# Македонците во Хрватска незадоволни колку се опфатени со емисии на ХРТ

*На 29 јуни 2017 год. во просториите на Владата на Република Хрватска се одржа 74. седница на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, на која се направи анализа на застапеноста на информациите поврзани со настани на националните малцинства на Хрватската радиотелевизија*



Како и секоја година во ова време, на дневниот ред на Советот за националните малцинства на Република Хрватска се најде Извештајот на Хрватската радиотелевизија за произведените, супроизведените и објавените програми наменети за информирање на припадниците на националните малцинства во Хрватска во 2016 год. Останатите неколку точки од дневниот ред беа поврзани со исправката на Одлуката за распоред на средствата обезбедени во Државниот буџет на РХ за 2017 год. преку Советот за националните малцинства на РХ, како активност на поддршка на програмите за остварување на културната автономија на националните малцинства, како и неколку молби од здруженија и установи на националните малцинства за пренамена на средства.

Извештајот за присутноста на националните малцинства беше на цели 66 страници текст со пропратни графикони и табели. Тука беа опфатени и емисии на хрватското радио и на хрватската телевизија. За застапеноста на националните малцинства на хрватското радио се заслужни пред сè, тематски емисии како што се „Исти и различни“, „У мрежи првог“ и „Мултикултура“. Исто така, во извештајот е забележано дека националните малцинства се застапени и во информативната програма на Хрватското радио. Нагласено е и дека секоја локална радио станица има своја емисија која е посветена на националните малцинства и која го следи нивниот секојдневен живот и соживот.

Во извештајот за застапеноста на националните малцинства на Хрватската телевизија е направена анализа на застапеноста на информациите поврзани со настани на малцинствата во емисиите на информативниот медиумски сервис, како што е Дневник на пладне, Дневник во 19 часот и во емисијата „Хрватска уживо“. Секако, најпознатата емисија за националните малцинства „Призма“ е анализирана во сите свои 53 емисии и со своите 392 прилога и студиски разговори со припадници на националните малцинства.

Ние Македонците искажавме незадоволство што нашето национално малцинство е опфатено со само 13 прилози во траење од само 50:40 минути. И останатите национални малцинства го искажаа своето незадоволство со доделената минутажа (освен Ромите – 55, Србите – 56 и Бошњаците – 27 прилози). Се покажа дека сепак има пад од 0,62 % во застапеноста на националните малцинства во јавниот медиумски сервис.

Биљана Митревски

# Денови на отворени врати на здруженијата

## *На овогодишната манифестација која се одржа од 25 до 27 мај, за прв пат учествуваше и МКД „Охридски бисер“ од Загреб со пригодна програма*





Културната манифестација *Денови на отворени врати на здруженијата* која ја организира Канцеларијата за здруженија при Владата на Република Хрватска е годишен настан кој се одржува низ цела Хрватска, со цел информирање на јавноста за работата на здруженијата во локалната и пошироката заедница. Тоа е прилика граѓаните да учествуваат во бројни креативни работилници, предавања, перформанси, акции, изложби, конференции, промотивни активности и слично, и да се запознаат со различни проекти и програми, како и со можности за волонтирање во здруженијата.

На овогодишната манифестација која се одржа од 25 до 27 мај, за прв пат учествуваше и МКД „Охридски бисер“ од Загреб со пригодна програма. На 26 мај во просториите на Заедницата на Македонците во РХ беше организирана книжевна вечер. Предавања за знаменитостите и убавините на Македонија и за животот и делото на македонскиот поет Кочо Рацин, проследени со проекција на фотографии, одржа Горан Коров, а македонска поезија рецитираа членовите на литерарно-драмската секција *Ленка* и учениците од работилницата по македонски јазик за возрасни при Друштвото. Беше поставена и изложба на македонски ракотворби од членовите на етно-работилницата *Разбој* која посетителите можеа да ја разгледаат. Исто така, тие имаа прилика да ги прелистаат *Македонски глас* и книгите во издание на ЗМРХ, но и да се почестат со вкусните македонски домашни специјалитети, подготвени од членовите на кулинарската секција.

Меѓу гостите беа Ангел Митревски, член на Советот за националните малцинства на РХ и претседател на МКД „Македонија“ од Сплит, Костадинка Велковска во името на градоначалникот на Град Загреб, Елизабета Кнор од Градската управа на Град Загреб, Марјан Велевски, заменик на главниот уредник на весникот „Нова Македонија“, Никола Гроздановски, почесен претседател на ЗМРХ, Томе Апостолоски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб, Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“ од Задар, Милена Златеска, потпретседателка на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула и Благој Штерјов, претседател на МКД „Охридски бисер“ како домаќин на манифестацијата.

Е. Петровска







# Обединување на пишаниот збор, сликарството и фолклорот

***Богата програма се реализираше за „Деновите на македонската култура“ во организација на МКД „Охридски бисер“ од Загреб, а под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ***





Настанот кој обедини различни видови уметност, но кои во исто време имаат нераскинлива меѓусебна поврзаност, се одржа на 13 јуни 2017 година во библиотеката „Тин Ујевиќ“ во Загреб, каде домаќините во името на водителката на библиотеката, Теа Грашиќ-Квесиќ, им посакаа на гостите добредојде. Водителка на програмата беше Елизабета Петровска, а поздравна реч упати претседателот на Советот за националните малцинства на РХ, Александар Толнауер, како пратеник на претседателот на Владата на Република Хрватска, Андреј Пленковиќ. Меѓу присутните беа Горан Бојковски, министер советник при Амбасадата на РМ во РХ, Цвијета Грijак од Градската канцеларија за образование, култура и спорт на Град Загреб, Никола Грoздановски, почесен претседател на ЗМРХ, Томе Апостолоски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб и други.

## Светилници во немирни времиња

Се започна со настапот на пејачката група „Моми бисерни“ при Друштвото, која под водство на Сафиудин Алимоски ги исполни македонските народни песни *А бре, воденичаре*, *Марие, дилбер бела Марие* и *Битола, мој роден крај*. Следеше претставување на најновата книга во издание на ЗМРХ, *Сончева понорница* од Огнен Бојациски, за која зборуваа промоторот д-р Златко Матијевиќ и самиот автор. Матијевиќ посочи дека познавајќи ги добро историските факти, авторот на пластичен начин ги опишува еминентните личности од македонската историја, правејќи ги, без оглед на времето во кое живееле и работеле, не само „современици“, туку и светилници во немирни времиња. Благодарение на авторското познавање на историското движење и неговото разгледување на судбината на македонскиот народ, со оваа книга се добива јасна слика на важен дел од европското минато, кој неоправдано одбегнува од вниманието на широката интелектуална јавност. Бојациски ја објасни симболиката на насловот на книгата, притоа опишувајќи го настанокот на делото низ сопственото книжевно искуство.

## Љубовта како двигател

Манифестацијата опфати и отворање на првата самостојна уметничка изложба насловена *Љубов* на Наталија Лековска, а уметничките слики во техника на темпера и молив ги претставија промоторката Антонела Галиќ и авторката. Галиќ нагласи дека љубовта за Лековска е двигател за сè што прави и создава, за уметноста, за сликарството во кое го пренесува расположението, своите надежи, стравови, желби. Инспирацијата е насекаде околу неа, нејзината суптилна уметничка душа впива сè околу себе, без разлика дали се работи за море, природа, лебеди или стара воденица, а потоа со леснотија тоа го пренесува на хартија. Во библиотеката беа изложени 24 дела кои можеше да се погледаат до 20 јуни.

Крајот на програмата беше резервиран за настапот на фолклорната група „Китка“ при Друштвото, која под водство на Карло Радан изведе сплет на македонските ора *Скудринка*, *Радикалка*, *Лесното* и *Македонско девојче*, на кое се придружи и дел од публиката. Потоа сите во добро расположение продолжија да се дружат со домашна закуска и чаша македонско вино.

Елизабета Петровска



# Културна манифестација што поврзува два града и две држави

## „20. Денови на браќата Миладиновци“ оваа година се одржаа од 10 мај до 3 јуни и беа исполнети со најразлични настани во Осиек и Ѓаково

На 10 мај 2017 година во хотелот „Осиек“ пред осиечката публика беше претставен познатиот роман **„Унтерштат“ на писателката Ивана Шојат во превод на македонски јазик** од перото на познатиот преведувач Александар Прокопиев.

Веќе следниот ден беше одржан **големиот концерт на Ансамблот „Македонија“ од Штип во Осиек**, на којшто настапија и секциите на нашето Друштво. Концертот беше пречекан со бројни овации и големи аплаузи за маестралната изведба на младите уметници од Македонија.



*Машка песна на Ансамблот „Македонија“*

**Театарската претстава „Светица во темнината“ посветена на Мајка Тереза** беше изведена на 12 мај (во Осиек) и на 13 мај (во Ѓаково). Претставата е работена според делото на Венко Андоновски, а ја изведе Центарот за култура Трешњевка од Загреб со извонредната Костадинка Велковска во главната улога.



Претставата имаше уште една дополнителна содржина: **филателистичката изложба на Драгољуб Сиљаноски под наслов „Мајка Тереза“** на која беа претставени различни поштенски марки, пликови и други материјали од збирката на авторот Сиљаноски.




Истиот ден, на 13 јуни во Ѓаково беше одржан **заеднички концерт на КУД „Зора“ Пишкоревци и МКД „Браќа Миладиновци“** на централниот плоштад Штросмаер кој беше поздравен од бројната публика.



*Осиечани и ѓаковчани заедно*

На 2 јуни делегација на МКД „Браќа Миладиновци“ отиде во **посета на Ѓаковечката надбискупија** каде положи венци цвеќе на гробот на бискупот Ј. Ј. Штросмаер и беше примена од надбискупот Ѓуро Храниќ.

„20. Денови на браќата Миладиновци“ завршија со **две претставувања на книгата „Светлината на Света Гора“ на авторот Иван Цепароски** – добитник на минатогодишната награда „Браќа Миладиновци“ на фестивалот „Струшки вечери на поезијата“ – едното во Ѓаково на 2 јуни и другото во Осиек на 3 јуни.

Јулијана Тешија



*Делегација на МКД „Браќа Миладиновци“ заедно со Мачеј Качоровски, вршител на должноста при Амбасадата на РМ во РХ и проф. д-р Иван Цепароски од Македонија*

# Концерт на ритам и страст

## Со ансамблот „Македонија“ од Штип свечено одбележани „20. Денови на браќата Миладиновци“

*Можеби си спомен, нечујно што минал*
*низ моите мечти оставајќи трага?*
*Можеби си зборот јас што сум го скинал*
*од усните свои, низ насмевка блага?*
*...*
*Остани за навек далечна и нема,*
*биди вечен гост на срцето што страда,*
*од кај не ќе може никој да те зема.*

*Гане Тодоровски*


*Изложба на етно секцијата „Везилки“*


*Детска секција „Бисерчиња“ (Р. Велешанов, М. Вида, Т. Саркиќ) и водителката Ј. Тешија*

Овогодишната манифестација „20. Денови на браќа Миладиновци“ се одржа во Осиек на 11 мај. Отворена беше со прекрасните стихови на поетот и лауреат на „Струшките вечери на поезијата“ Гане Тодоровски и програмски организирана во знакот на струшките браќа, речта и традицијата.

Осмислена околу три централни точки – јазик, традиција и музика – програмата опфати рецитации на учениците по македонски јазик, етно-традициска изложба на ракотворби на членовите на Друштвото и богата музичка програма со песни и танци од Македонија во изведба на членовите на МКД „Браќа Миладиновци“ и гостите од Македонија, ансамблот „Македонија“ од Штип.

Манифестацијата се одржа пред полната сала во Домот на хрватската војска во Осиек, а меѓу другите беа присутни и Мачеј Качоровски, вршител на должноста при Амбасадата на РМ во РХ, Рената Тришлер, потпретседателка на Советот за националните малцинства на РХ, претставниците на македонското национално малцинство за Осиечко-барањската жупанија, Драгољуб Сиљаноски и за Град Осиек, Јагода Тренеска Цветичанин, како и заменикот жупан на Осиечко-барањската жупанија, Драган Вулин.

Пред детската секција „Бисерчиња“ (предводена од водителката и учителка по македонски јазик, Билјана Димески) настапија три деца: Рута Мариа Велешанов со рецитацијата „Македонија“, Михаел Вида со „Мојата татковина“, а блокот на јазикот го затвори Теодора Саркиќ со „Т'га за југ“ на Константин Миладинов.

Музичкиот дел од нашата програма беше составен од ора и песни од Македонија, а во него настапија секцијата „Танец“ (со водителката Мирта Гало) со „Тресеница“ и „Водарки“ и секцијата „Вардарки“ (со водителката Габриела Петрушиќ) со сплет песни од Македонија: „Јовано, Јованке“, „Лихнида кајче веслаше“, „Брала мома капини“, „Елено, ќерко Елено“ и „Рум, дум, дум“.

Помеѓу секој наш блок, со свои изведби се претставија и овогодишните наши гости од Македонија, ансамблот „Македонија“ од Штип. Овој единствен ансамбл и верен чувар на македонската традиционална музика и култура се претстави со богата програма која нè остави без здив. Нивната песна, но посебно виртуозните ора и инструменталната изведба со најмалку два, а во завршниот дел дури шест тапани на сцената, малку кој го оставија рамнодушен.

Ансамблот инаку го сочинуваат најдобрите студенти од


*Настап на фолклорната секција „Танец“*


*Пејачка секција „Вардарки“*



Ансамбл „Македонија“



Заедничка фотографија на МКД „Браќа Миладиновци“ и ансамблот „Македонија“

Одделот за етнокореологија при Факултетот за музичка уметност од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и ученици од ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ од насоката за традиционална музика и игра – Скопје. Младите уметници ги води уметничкиот директор Владимир Јаневски.

Благодарни сме им што нè почестија со својот настап и се надеваме на некоја друга средба со нив.

Јулијана Тешија

# „Светлината на Света Гора“ ги осветли Ѓаково и Осиек



Во Ѓаково: Ј. Т. Цветичанин, М. Ќуриќ и И. Цепароски



Претставување на И. Цепароски во Осиек со Х. Сабљиќ-Томиќ

Да се зборува за книгата „Светлината на Света Гора“ е предизвик и радост, зашто поетската реч на Иван Цепароски ги опфаќа сите сетила, умот и душата, рече проф. д-р Хелена Сабљиќ Томиќ, промоторка на книгата-добитник на наградата „Браќа Миладиновци“ на „Струшките вечери на поезијата“ во Осиек, на 3 јуни 2017 година.

Станува збор за филозоф, естетичар, преведувач и поет, професор на Филозофскиот факултет во Скопје и водител на Естетичката лабораторија, кој во 2016 година за својата стихозбирка „Светлината на Света Гора“ (Магор, 2015) ја доби престижната поетска награда „Браќа Миладиновци“ на СВП 2016. Книгата во четири поетски циклуси низ стихови ги пренесува своите духовни доживувања од неколкуте патувања на Света Гора и го поврзува духовното со телесното, светлото со темното, поезијата со живеењето, песната со потребата да се искаже неискажливото, истакна Сабљиќ-Томиќ.

Цепароски пред хрватската публика беше претставен два пати во рамките на културната манифестација „20. Денови на браќа Миладиновци“: на 2 јуни во Ѓаково, каде промотор на книгата беше м-р Мирко Ќуриќ, а на 3 јуни во Осиек, каде уводно беа претставени и „Струшките вечери на поезијата“ од страна на Јулијана Тешија.

J. T.





Цепароски со учителката и учениците по македонски јазик и вршителот на должноста при Амбасадата на РМ во РХ

# Мултикултурен и мултиетнички Загреб

*По повод Денот на националните малцинства, учесниците се потрудија да се претставаат што подобро пред граѓаните – штандовите беа преполни, културно-уметничката програма богата со настапи, а се одржа и ревија на народни носии и изложба на фотографии*






Координацијата на советите и претставниците на националните малцинства за Град Загреб под покровителство на градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ и во соработка со Туристичката заедница на Град Загреб, на 14 мај 2017 година во паркот Зрињевац го прослави *Денот на националните малцинства на Град Загреб*. На шестото по ред одбележување се собраа 19 малцинства, меѓу кои беше и македонското претставено од Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и МКД „Охридски бисер“ од Загреб. Малцинствата ги презентираа своите обичаи, носии, фолклорно и музичко творештво, издаваштво и кулинарски специјалитети.

Настанот привлече и голем број на загрепчани. Учесниците се потрудија да се претставаат што подобро пред граѓаните – штандовите беа преполни, културно-уметничката програма богата со настапи, а се одржа и ревија на народни носии. На шеталиштето во паркот пак, на големи осветлени панели беше поставена изложба на фотографии од животот и активностите на националните малцинства во Загреб, снимени од фотографот Тони Хнојчик.

Во службениот дел претседателот на Координацијата, Душан Мишковиќ, ги поздрави учесниците и посетителите и се заблагодари на Град Загреб и на малцинствата за успешна заедничка соработка. Претседателот на Советот за националните малцинства на РХ, Александар Толнауер, го честита *Денот* и истакна дека градоначалникот Бандиќ направи многу за малцинствата во Загреб. Милан Бандиќ рече дека Европа може да учи од примерот на мултикултурниот и мултиетнички Загреб и нагласи дека ќе продолжи да работи за доброто на малцинствата. На прославата беа присутни и многу видни личности од јавниот и општествен живот.

Македонците се претставија со македонски народни носии на ревијата, со настап на пејачката група „Моми бисерни“ и фолклорната група „Китка“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб, на штандот со изложба на издаваштвото на Советот на МНМ за Град Загреб и на Заедницата на Македонците во РХ, со ракотворби на етно-работилницата „Разбој“ и со разни домашни македонски деликатеси подготвени од кулинарската секција при Друштвото.

Е. Петровска







# „26. Денови на македонската култура – Денови на св. Кирил и Методиј“

*Продолжетокот на „26. Денови на македонската култура – Денови на св. Кирил и Методиј“ не моравме да го чекаме предолго. Веќе на 23 мај 2017 год. во просториите на Македонското културно друштво „Македонија“ беше организирано двојно чествување*





Имено, како плод на одличната соработка помеѓу МКД „Македонија“ и МПЦО „Св. Наум Охридски“, во рамките на манифестацијата „26. Денови на македонската култура – Денови на св. Кирил и Методиј“, се најде место и време за една несекојдневна изложба. На иницијатива на свештеникот на МПЦ во РХ, протојерејот Кирко Велински и на претседателот на МКД „Македонија“, Ангел Митревски, во просториите на Мажураниќево шеталиште 8/А се постави изложбата „Инфраструктура на МПЦ во Европската епархија“ и архитектонското решение на Македонската православна црква „Св. Злата Мегленска“, првата македонска црква во Загреб и во Република Хрватска.

На самото отворање на изложбата отец Кирко Велински на присутните припадници на македонското национално малцинство и на нивните пријатели им ја претстави инфраструктурната изграденост на МПЦ за цела Европа, а посебно за самата Европска епархија, на која и ние ѝ припаѓаме, со седиште во Малме, Шведска.

Во другиот дел укажа на значењето на градењето на Македонската православна црква „Св. Злата Мегленска“, првата македонска црква во Загреб за сите верници Македонци и Македонки и ги замоли сите да додадат уште малку поголем напор, а сепак секој според своите можности, со цел изградбата да заврши што поскоро.

По отворањето на изложбата, со почеток во 19 часот сите присутни имаа чест и задоволство да присуствуваат на Тркалезната маса – трибина „Македонија: вчера, денес, утре“ – осврт на денешната политичка ситуација во Република Македонија. Гости на трибината беа Ратко Лазаревски – директор на најстариот дневен весник во РМ, „Нова Македонија“ и Марјан Велевски, заменикот на главниот и одговорен уредник на истиот весник. Модератор беше претседателот на МКД „Македонија“, Ангел Митревски. Бројот на луѓето кои активно учествуваа со конкретни прашања за новата констелација на партиските сили во Република Македонија ги изненади и самите организатори, но и гостите-предавачи. Сепак, не се случи да се постави ниту едно прашање, а да не се има одговор на истото од страна на гостите што само покажа дека тие ја имаат прифатено оваа трибина како доста сериозен настан во рамките на целата манифестација.





Утредента на 24 мај во големата сала на Богословијата на Сплитско-макарската надбискупија по 26. пат традиционално беше одржана Свечената академија на МКД „Македонија“. На неа по воведниот говор на претседателот на Друштвото, Ангел Митревски, уводно предавање за македонскиот јазик и граматиката одржа почесниот претседател на МКД „Македонија“ и доајенот на „македонштината во Сплит“, Владимир Апостолски. Во продолжение следуваа настапите на фолклорната група, „Клинци-мандолинци“, учениците од ОУ „Скалице“ кои го изучуваат македонскиот јазик по моделот Ц, пејачката група на МКД „Македонија“ и по прв пат новоформираната група со вокалноинструментален состав, заедно наречени „Пријатели“.

Биљана Митревски





# Прослава на „Св. Наум Охридски“ во Сплит

По повод заштитникот на Македонската православна црковна општина „Св. Наум Охридски“ Сплит, на 2 јули 2017 год. беше одржана свечена литургија во црквата „Госпе од Анчела“. Литургијата, која ја водеше протојерејот Кирко Велински кој за оваа прилика допатува од Загреб, се одржа пред многу верници, припадници на македонското национално малцинство од Град Сплит.



Македонската православна црква во РХ за своите литургии во Сплит од 2006 година ја користи католичката црква „Госпе од Анчела“, што уште еднаш докажува за една голема меѓурелигиска толеранција и соработка помеѓу Католичката црква во РХ и Македонската православна црква во РХ. По прв пат на свечената литургија посветена на св. Наум Охридски присуствуваше и новиот претседател на МПЦО „Св. Наум Охридски“, Дарко Соколов со семејството.

По одржаната литургија, прославата продолжи во просториите на МПЦО „Св. Наум Охридски“. По благословувањето на славскиот колач направен од кумовите Биљана и Ангел Митревски, свештеникот Кирко Велински ги благослови сите присутни посакувајќи им среќа во животот. Потоа беа избрани и кумовите за следната година, Владимир Апостолски со семејството. Апостолски е почесен претседател на МКД „Македонија“ и сегашен претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит.

Б. М.

# Со песна и приказна низ Македонија

На 4 мај 2017 година во градската библиотека „Богдан Огризовиќ“ на познатиот Цветен плоштад во Загреб се одржа културна манифестација под назив *Познати и непознати патеки на пријателствата – Со песна и приказна низ Македонија*. Организатори беа претставничката на македонското национално малцинство за Загрепската жупанија, Лена Ѓапиќ и Хрватско-македонското друштво од Загреб, а настанот го овозможија Министерството за надворешни и европски работи на Република Хрватска, Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и Загрепската жупанија.



Програмата ја водеше претседателката на Хрватско-македонското друштво, Јудита Реј Худечек, претставувајќи ги убавините на Македонија низ традиционалните уметности, културното наследство, природата, гастрономијата... Посетителите со внимание го следеа интересното раскажување кое беше дополнето со презентација на нејзините книги *Сеќавања на Македонија*, *Жената во македонската песна* и *Виното нè поврзува и спојува*, како и со неколку македонски народни песни што ги исполни женската вокална група *Езерки* во својот препознатлив етно стил.

Е. П.

## Завршен проектот „Поддршка за ефикасно спроведување на Уставниот закон за правата на националните малцинства“




Со конференцијата одржана на 9 мај 2017 година во Министерството за управа на РХ во Загреб заврши проектот „Поддршка за ефикасно спроведување на Уставниот закон за правата на националните малцинства“. Проектот вреден 196.367,23 евра траеше 12 месеци, а го финансираше Европската Унија во рамките на програмата за помош за претпристапување „ИПА 2012“ за Република Хрватска, I компонента: Транзициска помош и институционално јакнење. Проектот го реализираше Министерството за управа на РХ со проектниот конзорциум составен од фирмите „WYG savjetovanje“ d.o.o. и „TECHED savjetodavne usluge“ d.o.o.

На конференцијата беше претставен е-системот за следење и известување за спроведувањето на Уставниот закон за правата на националните малцинства. Е-системот ќе обезбеди детален увид во спроведувањето на малцинските права, ќе поттикне подобрување и развој на човечките и техничките капацитети на сите релевантни фактори – Министерството за управа, канцелариите на државните управи по жупании, единиците на локалната и регионалната самоуправа и другите тела на државната управа, особено Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства при Владата на Р. Хрватска. Општата цел на проектот беше придонес во унапредувањето и заштитата на човековите права (правата на националните малцинства) и во развојот на јавната управа.

На конференцијата присуствуваа и претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски, потпретседателката Лилјана Грујоска и административната секретарка Марика Абрамовиќ.

Е. П.

# Тркалезна маса – Contemporary development in the Republic of Macedonia

Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска во соработка со Европското движење на Хрватска, Центарот за меѓународни студии и Атлантскиот совет, на 15 мај 2017 година во Европскиот дом во Загреб организираа тркалезна маса со работен наслов „Современиот развој во Република Македонија". Учесници беа проф. Жидас Даскаловски од Факултетот за сигурност при Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола, проф. Ненад Марковиќ од Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, проф. Стефано Пилото од MIB Школа за менаџмент од Трст и д-р Моника Беговиќ од Атлантскиот совет во Хрватска. Модератор беше проф. Радован Вукадиновиќ.



Пред самиот почеток, пред присутните се обрати Мачеј Качоровски, вршител на должноста при Амбасадата на РМ во Загреб, кој се задржа на политичката и општествената состојба во Македонија. Секако, беше ставен акцент на политичката состојба по парламентарните избори во декември 2016 година и на политичката криза. Тркалезната маса беше одржана после кулминацијата на политичката криза и кога требаше да се изгласа нова влада, но, се стекна позитивен впечаток од сите излагачи дека Македонија има европска перспектива без никакви дезинтеграциски процеси, а сите малцинства имаат исти права како и македонскиот народ кој е државотворен на Република Македонија.

Тркалезната маса беше посетена од неколку дипломатски делегации, универзитетски професори и други личности од хрватските министерства и државните институции.

Благоја Мирчевски

# Македонија – вчера, денес, утре

Во организација на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, на 26 мај 2017 година во салата на Зелена акција се одржа тркалезна маса – трибина под назив *Македонија – вчера, денес, утре*. Темата беше осврт на сегашната ситуација во Република Македонија, поточно, политичките превирања и борбата за превласт на водечките странки гледана преку очите на еден новинар.

Имено, предавач на трибината беше Марјан Велевски, заменик на главниот и одговорен уредник на весникот „Нова Македонија", кој нагласи дека патриотизмот кон својот народ и држава се искажува пред сè преку професионалноста и почитувањето на новинарските стандарди – чесно, коректно и одговорно информирање на јавноста. Тој детално и објективно ја опиша ситуацијата од почетокот на збиднувањата, за предвремените избори во Македонија, за интересот и влијанието на големите светски и европски сили, за директното влијание на ситуацијата врз граѓаните и нивната поделеност, за медиумската компромитација и корумпираност и слично.




На трибината учествуваа и претседателот на Советот, Томе Апостолоски, како и членот на Советот за националните малцинства на РХ, Ангел Митревски, во улога на модератор. Поради големата заинтересираност за темата, присутните засегнати од недоволната информираност исто така учествуваа поставувајќи бројни прашања и констатации, со надеж за позитивен исход во полза на сите, што останува само времето да го покаже.

Е. Петровска

# Денови на македонската култура во Истра

***Имендендот на Македонското културно друштво на Истарската жупанија беше одбележен со отворањето на етно-креативната изложба на истоимената работилница на Друштвото на 24 мај, со што воедно се отворија „Деновите на македонската култура во Истра“, кои продолжија и следниот ден со влегувањето на Друштвото во програмата на Културниот центарРојц „Отворени врати на здруженијата“ и со промоција на книгата „Носталгија и љубов“ на авторките Мирјана Мајиќ и Еми Лонгин***



ЦентаротРојц, како член на европската мрежа на независни културни центри „Trans Europe Halles“ (TEH), организираа TEH конференција од 25 до 28 мај 2017 год. Темата на конференцијата беше „Култура и заедница на делење“ („Culture and Shring Communities“). Во тридневната програма на конференцијата учествуваа меѓународни експерти и околу 250 културни работници и продуценти од подрачјето на културата и уметноста кои работат во европските културни центри. Содржината на TEH конференцијата се состоеше од главна програма на темата на конференцијата со пригодна културно-уметничка програма во која учествуваа сите корисници на просториите на ЦентаротРојц, меѓу кои е и Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула.

Така, МКД ИЖ изведе концерт на Мешовитиот хор и оркестарот под водство на проф. Бисерка Кухта. Концертот и етно-креативната изложба беа посетени од многу работници и продуценти од културата и уметноста кои работат во европските културни центри. На многубројните гости кои ги посетија просториите на Друштвото од 18 до 20 часот им беше изразено добредојде со изведба на неколку македонски песни и ора. Гостите беа воодушевени од македонската песна, македонското оро, звукот на тапанот во изведба на Ведран Војниќ и чекорите на *Тешкото* во кореографија на Игор Јаневски, како и од изведбата на хорот и оркестарот при МКД ИЖ, изведбата на Слава Обрановиќ на хармоника, Димитар Русев на кларинет, како и на Сречко Савретиќ на виолина. Народната носија, звуците на македонската песна и на македонскиот јазик, како и поезијата од Мирјана Мајиќ, останаа забележани на фото апаратите, на мобилните апарати, како и на видео камерите на многубројната публика од цела Европа. Во поздравните зборови на претседателот на Друштвото, Тодор Брдарски, се гледаше радоста од овој настан.

## „Носталгија и љубов“

Програмата на *Деновите на македонската култура во Истра* продолжи со промоцијата на збирката поезија „Носталгија и љубов“ на авторките Мирјана Мајиќ и Еми Лонгин, во издание на Заедницата на Македонците на Р. Хрватска. Пред многубројната публика промоцијата ја отвори потпретседателката на Друштвото, Милена Златеска, читајќи ги песните од оваа книга *Солзи*, *Љубов* и *Вљубена*. Поздравувајќи ги гостите, таа нагласи дека особено и е драго што поетесата Мирјана Мајиќ од Задар е неуморна



во своето пишување и е редовна учесничка на доста поетски настани како во Р. Хрватска, така и во Р. Македонија, член е на Хрватското книжевно друштво од Риека, огранок Задар, на книжевното друштво „Riječi iznad svega“, претседател на МКД „Билјана“ од Задар и жупаниски претставник за македонското национално малцинство, член на Управниот одбор на ЗМРХ, заменик претседател на Координацијата на советите и жупаниските претставници.

Главната уредничка и промотор на оваа збирка поезија, Анка Рабузин, рече: „Својот поетски правец авторката Мирјана Мајиќ го поделила со својата ќерка Еми Лонгин чии песни се застапени во помал број, а книгата е напишана двојазично, на македонски и на хрватски јазик. Рецензент на книгата е проф. д-р Васил Тоциновски, кој пишува дека тоа се записи на срцата и мислите, стихуван споменар, лирски дневник. Својата инспирација авторката ја наоѓа во животот, во настаните на некои минати времиња, во сеќавањата на своето детство. Не случајно книгата го носи својот наслов. Носталгија за животот во својата татковина Македонија, *таа прекрасна мала земја*. Со голема љубов пишува и за својот роден град Скопје, но и за градот Задар во кој сега живее, како и за својата нова татковина Хрватска. За неа да се има две татковини е големо богатство, *два дома-две татковини-полна душа*. Мајиќ пишува и за љубовта кон својот сопруг, внуката, својата сестра...“

Беа упатени поздравни зборови и за Надица Жампера, долгогодишен водител на учениците од Задар на Летната школа по македонски јазик која се одржува на Шолта, и сите деца, заедно со децата од Пула, беа воодушевени со нејзината добрина, а оваа вечер со солзи во очите ја прочита песната *Мојот дом*.

Завршните зборови ги имаше авторката на песните *Носталгија* и *Аманет*, која упати благодарност до публиката. Вечерта заврши со истарскиот мелос на Авелина и Драго, нашите драги активни и вредни членови.

## Концерт во Пореч

Мешовитиот хор и оркестарот на МКД ИЖ, под водство на проф. Бисерка Кухта, на 9 јуни 2017 год. беа гости на Италијанската заедница од Пореч и имаше заеднички концерт со нивниот мешовит хор „Mozaico“. Хорот „Mozaico“ формиран е 1999 година под водство на Горјана Гашпарини, која неуморно го води до денес. Истиот има настапувано низ цела Хрватска, Италија, Словенија и др. Пеат италијански песни, духовни, хрватски, а оваа вечер нè почестија со сплет на македонски песни со што бевме воодушевени не само ние, туку и целата публика која беше навистина многубројна. Хорот го сочинуваат 25 членови. Среќата беше неизмерна оваа вечер, со песните и дружењето до доцните часови во ноќта. Што ни останува друго, освен да се заблагодариме на поканата и убавиот прием, на дружењето и договорот за понатамошна соработка.

Во текот на дружењето на сите секции на Друштвото, на 16 јуни 2017 год. во просториите на Друштвото претседателот Тодор Брдарски се заблагодари за реализација на програмата по повод *Деновите на македонската култура во Истра*.

Михаела Златеска



# Свечена академија по повод празникот на светите браќа Кирил и Методиј

*Ако писменоста е едно од најголемите благослови за еден народ, тогаш македонскиот народ, но и целиот словенски род, треба вечно да памети две имиња – Кирил и Методиј. Генијалните умови родени во Солун, тогашна Македонија, со својата образованост, ораторска вештина и пред сè истрајност, задолжиле преку триста милиони Словени низ светот, давајќи им ја словенската писменост тогаш кога им била најпотребна*



Токму затоа, 24 мај секоја година е нивни ден, во македонскиот календар ден предвиден за чествување на нивното монументално дело. МКД „Илинден“ од Риека, како негувач на македонската култура на подрачјето на Приморско-горанската жупанија, ниту годинава не го заборави овој голем ден за македонскиот народ и со Свечена академија организирана во своите простории уште еднаш потсети дека делото на солунските просветители сè уште се вреднува и се цени подеднакво како и пред 12 века.

На Свечената академија присуствуваа значајни имиња од политичката и од научната сфера во Риека, меѓу кои академик Петар Стрчиќ, заменик жупанот Петар Мамула и деканката на Филозофскиот факултет во Риека, Инес Срдоч-Конестра. За Свечената академија беа задолжени еминентните професори од Филозофскиот факултет во Риека – проф. д-р Горан Калоѓера, воедно и почесен конзул на Р. Македонија во Р. Хрватска и проф. д-р Сања Зупчиќ, која во својот научен опус опфатила голем број теми поврзани со животот и со делото на светите браќа. Свое предавање на оваа тема имаше и лекторката по македонски јазик во Риека, Ана Азеска.

## Одблесоци на глаголската писменост

Во своето излагање, проф. Горан Калоѓера се осврна кон животот и делото на солунските просветители, опишувајќи го нивниот животен пат од раѓањето и школските денови во Солун, па сè до трите мисии, меѓу кои најзначајната – Моравската, и нивната борба со германското и со латинското свештенство за одбрана на словенската писменост. Професорката Сања Зупчиќ, од друга страна, повеќе се задржа на одблесоците на глаголската писменост, создадена токму за потребите на Моравската мисија, во Истра и Кварнер, благодарение на следбениците на светите браќа, кои дејствувале на овие простори и кои го продолжиле нивното бесценето дело. Накратко ги претстави и најзначајните споменици што ги оставиле учениците како доказ за својата истрајност во борбата за зачувување на глаголицата, меѓу кои, секако, и најпознатата Башчанска плоча. На крај, лекторката Азеска подетално ги запозна присутните со глаголското пи-





смо, опишувајќи го процесот на неговото настанување, неговото потекло, како и неговото значење за ширењето на христијанството.

Свечената академија беше затворена онака како што беше и отворена – со пригодна песна испеана од грлата на хористите при МКД „Илинден“ од Риека, по што следуваше и неформално дружење со коктел и мала закуска.

Ана Азеска

# Прослава на Денот на светите просветители и во Јурандвор



Одбележувањето на животот и делото на Кирил и Методиј не може да помине без посета на местото каде што се наоѓа најголемиот сведок за борбата на учениците на солунските браќа за зачувување на делото на своите учители. Секако, станува збор за Башчанската плоча, напишана на глаголица, чијашто една реплика се наоѓа токму во црквата „Св. Луција“ во Јурандвор, Башка, на островот Крк, а другата во Загреб.

МКД „Илинден“ со педесетина свои членови на 27 мај 2017 год. се упати кон островот Крк за да го прослави големиот празник на едно од најзначајните места за глаголската писменост, но и за македонско-хрватските книжевни, културни и јазични врски.

Првата станица на еднодневната екскурзија беше местото каде што од камен е создадена глаголската буква А. Таму, членовите имаа можност да слушнат нешто повеќе за историјата на глаголската писменост на островот Крк, за Башчанската плоча, како и за идејата, според примерот на буквата А, да се направи цела една глаголска патека со сите букви од глаголското писмо, благодарение на краткото предавање што им го одржа експерт за глаголската писменост од островот Крк. Втората станица ги одведе членовите токму до црквата „Св. Луција“, дом на едната реплика од оригиналот на Башчанската плоча, каде што беше одржан полчасовен концерт на хористите при МКД „Илинден“ од Риека, со изворни македонски песни. За крај, како трет и последен дел од овогодишната програма за прослава на 24 мај, беше организиран ручек за сите членови што решија таа сабота да ја поминат заедно во Башка, славејќи го историскиот момент за целиот словенски род, со музика во живо, вкусна храна и со македонска песна и оро.

А. А.

Фото: Гордана Квајо

# Тридневно чествување на Денот на МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“

***Достојно одбележан 10-годишниот јубилеј и Денот на патроните на Македонската православна црковна општина во Риека „Св. цар Константин и царица Елена“***



Како и секоја година така и оваа, МПЦО во Риека „Св. цар Константин и царица Елена“ и МКД „Илинден“ од Риека не го заборавија Денот на своите патрони и не го одминаа чествувањето по повод 3 јуни – Денот на Светите рамноапостолни царот Константин и на неговата мајка, царицата Елена. Дводневното празнување се случи во знак на 10-годишниот јубилеј на МПЦО во Риека, на 2 и 3 јуни, во просториите на македонското риечко друштво, како и во црквата „Св. Фабијан и Себастијан“ во која традиционално се одржуваат литургии на македонски јазик за македонските верници од православна вероисповед.

Кога станува збор за прославата на овој значаен јубилеј и ден за Македонците од Риека, оваа година беше поразлична од претходната по едно нешто. На огромно задоволство и духовна радост на верниците на МПЦО од Риека и членовите на МКД „Илинден“, но и на сите пријатели, оваа година со својата пасторална посета ги удостои Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Европски г. Пимен, кој допатува специјално од Шведска за да биде во друштво на Македонците од овој дел на Хрватска за прославата на 10-годишниот јубилеј и пресветлиот празник. Пред присутните во просториите на МКД „Илинден“, во петокот на 2 јуни се одржа свечена академија на која Митрополитот Европски г. Пимен зборуваше за животот и делото на Светите рамноапостолни царот Константин и царицата Елена, заедно со протопрезвитерот Кирко Велински, парохискиот свештеник на МПЦ во Хрватска.



## Потсетување на духовните вредности

Исто така, ништо помалку значајно не беше и повторното гостување на мешовитиот црковен хор „Св. Јован Кукузел“ при Соборниот храм „Св. Архангел Михаил“ од Виница, Република Македонија, кој како и минатата година помина повеќе од илјада километри за да ги почести верниците на МПЦО и членовите на МКД „Илинден“ со прекрасни духовни песни испеани од грлата на талентираните виничани под раководство на диригентот проф. Игор Насев.

Во саботата, на 3 јуни, во црквата „Св. Фабијан и Себастијан“ се одржа Архиерејска Света Божествена Литургија по повод Денот на МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“, која ја предводеше Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Европски г. Пимен во сослужение со отец Кирко Велински и со презвитерот Митко Газинковски, парохиски свештеник во Р. Словенија, а во придружба на мешовитиот хор „Св. Јован Кукузел“.

На крајот, во својата проповед г. Пимен ги потсети сите верници на духовните вредности, малку подзаборавени од брзиот начин на живот, како и на вербата во Бога којашто може да ни помогне да ги надминеме сите пречки што ни стојат на животниот пат.

## Трпеза на љубовта

По завршувањето на Архиерејската Литургија, дружбата продолжи во просториите на МКД „Илинден“, каде што и



оваа година се одржа традиционалното кршење на Славскиот колач и „Трпеза на љубовта“ за која се погрижија овогодишните кумови Инес и Блаже Божиновски, воедно и претседател на МПЦО во Риека „Св. цар Константин и царица Елена“. Богатата трпеза изобилуваше со вкусни македонски специјалитети, а пред да им биде понудена на присутните беше благословена од Митрополитот Европски г. Пимен. Хорот повторно ја збогати свечената прослава со изведба на уште неколку духовни и народни песни од својот репертоар.

Со ова се заврши тридневното чествување на Денот на св. цар Константин и царица Елена, патрони на МПЦО во Риека; од ова место и во оваа прилика се упати особена благодарност до Митрополитот Европски г. Пимен, до отец Кирко Велински и отецот Митко Газинковски за нивната добра волја овој ден да го прослават со верниците од Приморјето, како и до мешовитиот винички хор „Св. Јован Кукузел“, кој втора година по ред помина долг пат само за да биде дел од програмата на овогодишната прослава на овој значаен православен празник и јубилеј на МПЦО од Риека. Исто така, Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Европски г. Пимен упати срдечна и неизмерна благодарност до риечката Митрополија, до надбискупот монс. д-р Иван Девчиќ, до Богословното семениште Иван Павле II, до ректорот влч. д-р Марио Томљановиќ, вицеректорот, патер Марко Стипетиќ и до женскиот Дом Марија Круцификс Козулиќ, до директорката м-р сестра Анита Анѓа Црнковиќ, и до сите членови на Екуменскиот одбор на риечката Надбискупија за топлиот и искрен прием и пријателското гостопримство за оваа пасторална посета на гостите од МПЦ предводени од страна на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Европски г. Пимен.

Ана Азеска

ICC 3D d.o.o.
DEZINFEKCIJA • DEZINSEKCIJA • DERATIZACIJA
Radnička cesta 75 • 10000 Zagreb
tel.: 01/60 40 100 • fax: 01/60 40 103
mob: 091/5251 141
e-mail: icc-3d@icc.hr
Razlika koja se vidi.
Savršeno je moguće.

# 10. Библиско бдеење

Во црквата „Св. Фрањо“ во Пула, на 25 мај 2017 год. по десетти пат беше организирано Библиско бдеење по повод верскиот празник *Дуовден*. Бидејќи нашата МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“ ги користи просториите на црквата „Св. Фрањо“ за своите богослужби и соработката е на високо ниво, оваа црква секоја година нѐ поканува да учествуваме во програмата за Библиското бдеење.




Така и оваа година учество зедоа неколку верници и членови на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, меѓу кои Кирил Талески, Милена Златеска, Магдалена Златеска, како и Ѓорѓи Ефремов кој беше гостин од Република Македонија и кој рече дека е самиот атеист, но го почитува правото на верата на другите луѓе и со задоволство се вклучи во програмата читајќи дел од Светото писмо.

Честењето со зборовите Божји беше непрекинато читање на Библијата 24 часа на ден, од почеток па сѐ до крај, кое започна во неделата на 21 мај во 11:30 часот, а заврши со литургиско славење и благослов на верниците со Библијата во петок 26 мај во 19:00 часот.

М. З.

# Гости од Пула на Трпезата на љубовта во Риека



Претставници на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула – претседателот Тодор Брдарски, потпретседателите Симеон Јанев и Милена Златеска и претседателот на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“ од Пула, Ратко Златески, присуствуваа на *Деновите на МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“* од Риека на 3 јуни 2017 год. на свеченото богослужење и на Трпезата на љубовта.

Во Риека тие се сретнаа и со Неговото Високопреосвештенство Митрополит Пимен на Македонската православна епархија за Европа, парохискиот свештеник на Македонската православна црква во Р. Хрватска протопрезвитер Кирко Велински и презвитер Митко Газиновски од Љубљана.

Претседателот на МКД ИЖ, Тодор Брдарски, упати благодарност за поканата и убавиот прием до сите активни верници од МПЦО од Риека и до сите членови на Друштвото од Риека.

М. З.



# Канонизација на Светиот Епископ Велички Гаврил Светогорец

*Во присуство на многуброен народ во Соборниот храм „Св. Николај“ во Штип, беа дочекани Светите моштии на Светиот Епископ Велички Гаврил Светогорец, кои достојно, по повод канонизацијата, беа донесени од Лесновскиот манастир*





На 28 мај, Недела 7 на Воскресението на Светите Отци, св. Ахил Преспански, преп. Пахомиј Велики, во годината кога МПЦ-ОА слави 50-годишен јубилеј од возобновувањето на Охридската Архиепископија во лицето на МПЦ-ОА и канонизација на Светиот Епископ Велички Гаврил Светогорец, во Соборниот храм „Св. Николај“ во Штип, на утрената богослужба, Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Брегалнички г. Иларион и свештенослужители од МПЦ-ОА, а во присуство на многуброен народ, ги дочека Светите моштии на Светиот Епископ Велички Гаврил Светогорец, кои достојно, по повод канонизацијата, беа донесени од Лесновскиот манастир и внесени во Соборниот храм „Св. Николај“ во Штип. Надлежниот Митрополит Брегалнички г. Иларион го дочека Поглаварот на МПЦ-ОА, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Стефан и членовите на САС на МПЦ, Митрополитот Преспанско-пелагониски и администратор Австралиско-новозеландски г. Петар, Митополитот Дебарско-кичевски и администратор Австралиско-сиднејски г. Тимотеј, Митрополитот Струмички г. Наум, Митрополитот Повардарски г. Агатангел, Митрополиот Европски г. Пимен, Митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф, Митрополитот Кумановско-осоговски г. Јосиф и Епископот Хераклејски г. Климен. Потоа, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Стефан, во сослужение на членовите на САС на МПЦ-ОА и Архимандритите Нектариј, Партениј, Дамаскин и Григориј, Игумени од повеќе манастири и свештеноереи од МПЦ-ОА отслужи Света Архиерејска Литургија. На малиот вход Поглаварот на МПЦ-ОА г. г. Стефан отслужи помен на Светиот Гаврил Епископ Велички Светогорец, Епископот г. Климен ја произнесе одлуката на САС на МПЦ-ОА за впишувањето на Епископот Велички Гаврил Светогорец во списокот на светиите, Надлежниот Митрополит г. Иларион го произнесе синаксарот – житието на Епископот Велички Гаврил Светогорец, по што Поглаварот на МПЦ-ОА г. г. Стефан ја освети новонацртаната икона со ликот на Светиот Епископ Велички Гаврил Светогорец и со истата го благослови православниот верен народ. По ова Поглаварот на МПЦ-ОА г. г. Стефан, членовите на САС на МПЦ-ОА и свештенослужителите се поклонија на светите моштии на Епископот Велички Гаврил Светогорец. На крајот од Светата Архиерејска Литургија, Поглаварот на МПЦ-ОА г. г. Стефан одржа содражајна пригодна беседа за светиот живот и многубројните чуда на Епископот Велички Гаврил Светогорец. На каноназицијата, покрај многубројниот православен народ од сите краишта на Татковината Македонија како и од странство, присуствуваше и премиерот на РМ, Емил Димитриев, рускиот амбасадор во РМ, Олег Шчербак, претседателката на Верската комисија, Валентина Божиновска, градоначалникот на општина Штип, Илчо Захариев, како и други јавни личности. Преку целиот ден верниот народ се поклонуваше на Светите моштии на Епископот Велички Гаврил Светогорец. По неговите молитви, Бог и нас да не помилува и спаси, како благ и човекољубив.

# Блиц вести од културата

Градското Здружение на пензионери во Иваниќ-Град на 6 мај ја организираше манифестацијата „Народни носии од бабините ковчези“. На ревијата која се одржа учествуваше и МКД „Охридски бисер“ од Загреб со две македонски народни носии кои пред воодушевената публика ги претставија Славица и Љерка. Оваа манифестација традиционално се одржува веќе неколку години, а МКД „Охридски бисер“ имаше прилика да настапи по втор пат.





На 8 мај во Градската управа на Град Загреб пред многуте гости од јавниот и општествен живот на градот, беше отворена изложбата фотографии на Тони Хнојчик, поранешен службен фотограф на интернет порталот „Националне мањине ХР“. На фотографиите се прикажани активностите и настаните на малцинствата кои дејствуваат во Загреб. Изложбата ја отвори градоначалникот Милан Бандиќ, а до присутните се обратити и Душан Мишковиќ, претседател на Координацијата на советите и претставниците на националните малцинства на Град Загреб, која и го организираше настанот. Меѓу гостите беше и Томе Апостолоски, претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб.




Фолклорната секција „Китка“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб, на 13 мај гостуваше во телевизиската емисија „Добро утро Хрватска“ на ХРТ 1 со кореографијата „Жетварка“, како дел од групата на танци од Кумановско Поле. Настапот кој го осмисли Елена Ристова беше изведен како најава за манифестацијата „Ден на националните малцинства на Град Загреб“ која се одржа ден подоцна во паркот Зрињевац.

Македонското танцово студио „Beatrix Crew“ на Светското првенство во модерни танци (ESDU – European Show Dance Union) кое се одржа од 22-28 мај во Пореч, се окити со неколку награди и признанија. На натпреварот „DanceStar World Dance Masters 2017.“ учествуваа над 55 држави и 5000 танчари. „Beatrix Crew“ се претставија со три хип-хоп точки и успеаја да се пласираат во финалето каде добија награди во повеќе категории: вицешампиони во категорија формација возрасни, 5. место во категорија група возрасни, 6. место во категорија формација јуниори и специјална награда за најдобра кореографија со точката „Colors“ од сите категории во одделот на урбани танци. Освен како дел од официјалното натпреварување, кое се одржа по 10. пат, танчарите од студиото „Beatrix Crew“ беа одбрани да учествуваат и во видеопроектот, со кореографија на Матиц Здравец.



На покана од Хрватското книжевно друштво од Риека, македонските писатели Васил Тоциновски и Стефан Марковски учествуваа на 3. Меѓународна книжевно-научна средба „Петар Канавелиќ и Корчула 2017“, која се одржа на 26 и 27 мај на островот Корчула. Средбата беше отворена со изложба и сценско-книжевен настап, по што следеше претставување на автори од БиХ, а потоа и на двајцата македонски писатели. Беше одржано и излагање на книжевно-научни трудови за ликот и делото на хрватскиот писател, поет и драматург Петар Канавелиќ од неколку автори. Целиот настан се одвиваше на неколку локации, а заврши со доделување награди и пофалници на учесниците на манифестацијата. Покровители на оваа традиционална книжевна средба се хрватското Министерство за култура и Град Корчула.





На загрепската „шпица“ во Боговиќева улица крај познатата уметничка скулптура „Сонце“, на 27 мај женскиот етно состав „Езерки“ во придружба на оркестарот „7/8“ приреди незаборавен јавен настап пред граѓаните. Пријатно изненадените минувачи уживаа во богатиот репертоар на двочасовниот настап на овие уметнички амбасадори на македонската музика, а некои и запеаја со нив и заиграа на преубавите „Јовано, Јованке“, „Рум, дум, дум“, „Брала мома капини“, „Елено ќерко“ и други. Настапот беше најава за кампањата за собирање средства за турнеја низ Македонија, која „Езерки“ и „7/8“ планираат да ја реализираат на есен годинава.

Меѓународниот ликовен проект „Традиција во современоста“ свое отворање имаше на 4 јуни во изложбениот простор на Хрватското здружение на ликовни уметници и ликовни критичари (ХУЛУЛК) во Жупниот двор во Вугровец. Во проектот учествуваа пет словенечки и седумнаесет хрватски уметници заедно со децата од Куќата на св. Фрањо – дом за деца без родителска грижа, со цел да се поттикнува и унапредува културата и уметноста за промоција на основните цивилизациски вредности. Меѓу учесниците беше и македонскиот академски уметник од Загреб, Крунислав Стојановски.






На 1085. трибина за култура, уметност и наука на „Колегиумот Хергешиќ“, која се одржа на 5 јуни во Европскиот дом во Загреб, темата беше „Мала антологија на македонската поезија“. Трибината ја водеа Зоран А. Јуриќ и Александра Јордановски, претставувајќи ја пред присутните поезијата на Кочо Рацин, Ацо Шопов, Славко Јаневски и други познати македонски поети. Излагањето беше проследено со музички настап на Иван Бакша. На трибината присуствуваше и Томе Апостолоски, претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб.

Е. П.

# Негување на културните различности

*По повод Меѓународниот ден на културни различности кој секоја година се одбележува традиционално на плоштадот Пет бунара во Задар, работната група на Координацијата на национални малцинства на Задарската жупанија ја организираше дванаесеттата манифестација по ред*




Настанот се одржа на 3 јуни, а имаше за цел претставување на националните малцинства присутни во Задар и Задарската жупанија. Оваа година учествуваа и се претставија 9 национални малцинства. Манифестацијата како и до сега беше организирана во соработка со Град Задар, кој ги негува културните и историските различности како највисоки вредности. Настанот беше посетен од голем број на локални гости и туристи, а на самиот почеток им се обратија претседателот на Координацијата на националните малцинства, Веселко Чакиќ, градоначалникот на Задар, Бранко Дукиќ, и жупанот, Божидар Лонгин. Задарскиот градоначалник истакна дека културната разноликост претставува почетна точка за соживот и за инклузија на сите луѓе, но и важен фактор за развојот на едно општество. Тој потенцираше колку е важно што Задар ја негува оваа традиција долги години преку дијалог и заемно разбирање и слушање на потребите и уважување на можностите.

Посетителите имаа можност да видат богата културно-уметничка програма со многу настапи, песни и фолклорни точки. Неизоставен дел од оваа манифестација беше секако и МКД „Билјана“ кое има своја верна публика. Оваа година за МКД „Билјана“ настапуваше фолклорната група на МКД „Македонија“ од Сплит, која настапи со неколку традиционални македонски ора и, како и секогаш, предизвика воодушевување кај присутните.

Сепак, најочекуваниот дел од настанот беше гастро-презентацијата на секое од националните малцинства, каде на штандовите можеа да се најдат разни специјалитети типични за поднебјето кое се претставува. Овој пат вредните раце на членовите и раководството на МКД „Билјана“ за гостите подготвија традиционално гравче-тавче, пити од македонско сирење, разни видови погачи, македонска баклава, кадаиф, тулумби, штрудли, домашна пита од вишни и многу други специјалитети. Македонскиот штанд беше еден од најпосетените што зборува за успехот на вредните домаќинки и домаќини.

Меѓу останатите малцинства се претставија и Италијанците, Словенците, Албанците, Полјаците, Унгарците, Чесите, Словаците, Србите и Бошњаците.

Настанот понуди одлична забава, но исто така испрати моќна порака за тоа колку е важно да се негуваат различните култури, навики, обичаи и традиција, а сепак да се живее сложно како едно.

Елена Кипровска Кнежиќ






# Фестивал со филмски и ликовни уметници, пејачи и поети



На 2 јуни оваа година Задар ја збогати својата културна сцена со уште еден посебен фестивал. Имено станува збор за „КвартАрт“, урбан задарски фестивал кои ги обединува младите креативци и нивните проекти, а со цел да ги ревитализира напуштените простори во градот давајќи им нова функција и улога. Фестивалот промовира урбан начин на живеење и тоа преку сите форми на уметност – музичка, драмска, филмска, ликовна, книжевна. На публиката ѝ нуди многу концерти, улични перформанси и неформални форми на уметност. Фестивалот беше домаќин на голем број филмски и ликовни уметници, пејачи, поети. Една од гостите која со својот вид на креативност им се обрати на младите беше претседателката на МКД „Билјана“, Мирјана Мајиќ, која како дел од здружението „Ријечи изнад свега“ настапи на фестивалот. Мајиќ со својата поезија на македонски јазик ги почести посетителите на фестивалот на 16 јуни во прекрасно наместениот простор пред Градската библиотека Задар.

Е. К. К.

# 14. Денови на македонската култура

МКД „Билјана“ од Задар на 6 јуни во рамките на манифестацијата „14. Денови на македонската култура“ организираше поетска вечер – читање на песни од македонски автори кои творат во Република Хрватска и изложба на етно работилницата „Ѓерѓев“ на водителот Драган Јакимовски, што се одржа под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска. Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“, на гостите им посака добредојде и истакна колку е благодарна што постои богато творештво на македонски автори во Хрватска, на кое Македонците можат да бидат горди. Поетската вечер се одржа во просториите на МКД „Билјана“, а песните ги читаа членовите на литерарно-драмската секција „Записи со љубов“ чија водителка е Мирјана Мајиќ. Се читаа песни од збирките на Мирјана Мајиќ „Носталгија и љубов“ и „Песни од душа“, збирката „Сонце“ на Анка Рабузин, „Пут“ на Лилјана Димова Петернел, „Нескротливо чувство“ на Ивона Дуноски, „Солзи полни насмевки“ и „Сјајот на скршениот кристал“ на Елизабета Петровска, „Огниште“ на Милена Златеска, како и песни од други збирки. По читањето поезија водителот на етно работилницата Драган Јакимовски ја претстави работата на секцијата, кажа неколку збора за техниките кои членовите ги користат при изработката на творбите и ги претстави членовите чии вредни раце работат во текот на целата година. Најновите и постарите ракотворби



беа изложени во просториите на Друштвото.

МКД „Билјана“ секогаш се труди да го промовира македонскиот јазик како и македонските автори во сите прилики кои му се пружаат, а претседателката Мирјана Мајиќ уште еднаш вети дека ќе продолжи да организира настани кои ги зближуваат Македонците, а воедно и ја промовираат македонската култура во сите нејзини форми.

Е.К.К.



# Поетско дружење

На 10 јуни во рамките на традиционалната манифестација под името „Горанске пјесничке вечери“ која ја организира литературното здружение „Пјесници без граница“ во конобата Волта во Фужине беше организирано поетско дружење со поети од Риека, Горски Котар и Задар. На дружењето беа присутни и поети од Задар кои се дел од здружението „Ријечи изнад свега“. Како дел од задарската екипа на манифестацијата настапи Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“, со неколку песни од своите збирки, а посебно изненадување за целиот настан беше присуството на македонската поетеса Виолета Сековска која читаше дел од своите творби на македонски јазик. Настанот помина во топла и пријателска атмосфера со многу набиени емоции.

Е. К. К.

# „Ријеч у камену“



Од 15 до 18 јуни на островот Паг во Повљана се одржа 5. Меѓународна уметничка колонија „Ријеч у камену“, манифестација која се одржува во организација на Хрватското книжевно друштво Риека која токму оваа година славеше еден мал јубилеј. Настанот обедини голем број на ликовни уметници и поети од Македонија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Словенија и секако Хрватска. На манифестацијата учествуваше Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“ од Задар, како македонска поетеса, а посебна чест имаа присутните да ги запознаат македонските уметници и сопружници Стојче и Еми Тоциновски од Скопје. Освен со своите уметнички творби, гостите од Скопје пленеа со својата топлина и скромност што остави особен впечаток кај присутните, а секако потсети и на благородната душа на нивниот татко, односно свекор, Васил Тоциновски кој, иако голем и почитуван автор и професор, секогаш воодушевува со својата добрина и скромност.



Гостите учесници имаа можност да ги видат убавините на Паг, Задар и околните места, за што се погрижи почесниот претседател на Хрватското книжевно друштво, Валерио Орлиќ во периодите помеѓу сликањето и поетските вечери. Посебна покана за учество на настанот на 18 јуни добија поетите на Хрватското книжевно друштво Задар. Десет поети се претставија со своите поезии меѓу кои и нашата Мирјана Мајиќ која на посебно инсистирање ја прочита својата поезија на македонски јазик „Ноќеска“. Манифестација се одржа во Повљана, а присутните уживаа во прекрасното шаренило од бои и од стиховите кои секојдневно течеа како река - атмосфера за паметење. На крајот беа поделени благодарници. Присутните уживаа во различните јазици и уметнички стилови што уште еднаш докажа дека уметноста нема граници кога единствениот јазик е оној на љубовта.

Елена Кипровска Кнежиќ



# „Од Црно до Јадранско море“

Уште еден прекрасен настан оваа година го збогати задарското културно лето, а се работи за меѓународната средба на поети во организација на Друштвото на хрватски книжевници – огранок Задар, Националната заедница на Бугари во Хрватска и Координацијата на словенската академија за Хрватска. Настанот се одржа на 29 јуни под наслов „Од Црно до Јадранско море“. Со почеток во 20 часот на прекрасната локација на Морските оргули во Задар настапија поети кои се дел од Словенската академија на книжевност и уметности: Елка Њаголова, Надиа Попова, Анжела Димчева, Силвија Бенковиќ, Енерика Бијач, Давор Гргуриќ и Ѓуро Видмаровиќ, кој е претседател на Друштвото на хрватските книжевници. По повод манифестацијата се читаа стихови во повеќе градови, а интересно беше да се чујат стихови на бугарски јазик и неговата мелодичност.

На поканата за учество со свое присуство одговорија и членовите на здружението „Ријечи изнад свега“ под водство на Емилија Вучков Мијатовиќ кои ги споија своите сили во книгата „Глагољицом исписана љубав“ со хуманитарен карактер за борба против ракот.

Од задарските поети на манифестацијата настапија: Марио Паделин, Емилија Вучков Мијатовиќ, Томислав Мештриќ, Рафаела Божиќ, Ивица Ушљебрка, Ана Бачиќ, Теа Видаиќ, претседателката на МКД „Билјана“ Мирјана Мајиќ со поезија на македонски јазик и многу други.

Е. К. К.

# Во Пула десет години се изучува македонски јазик

По иницијатива на Македонската православна црква во Р. Хрватска и на нејзиниот парохиски свештеник, протојереј Кирко Велиски, пред десет години беше отворено училиште по македонски јазик и култура по моделот Ц. Македонските асоцијации во Истарската жупанија, следејќи ја успешната работа во Загреб, поднесоа барање до Министерството за образование и спорт во Р. Хрватска кое одобри изборна настава по македонски јазик и култура во учебната 2006/2007 година во ОУ „Центар“ во Пула. Училиштето беше отворено со голема радост на македонското национално малцинство во цела Истарска жупанија, а доста семејства воодушевени со можноста за изучување на македонскиот јазик ги запишаа своите деца. Така, во првата генерација




на ученици меѓу многуте деца беа запишани Ѓурѓица Стојкоска, Михаела и Маринела Златеска, а и доста други деца од друга националност, а во наредните генерации беа Антонио, Андреја и Ангела Петровски, Сара Гуша, Ингрид, Магдалена Златеска, како и Фани Антуновиќ, Филип Јаневски и уште многу други деца кои со желба и радост го слушаат и учат македонскиот јазик и со задоволство го зборуваат, читаат и рецитираат.

Честа за предавање на македонскиот јазик и припадна на Сашка Соломоновска Јаневска.

Во текот на овие изминати десет години учениците имаа учествувано во доста програми на македонските асоцијации, како и во сите училишни програми. Особено е запазена програмата на „Европскиот ден на јазиците“, како и на „Денот на планетата земја“, каде се чита и македонски јазик и се истакнуваат плакати со знаменитостите од нашата татковина. Покрај активноста и изучувањето на македонскиот јазик, вредните ученици со својата учителка се активни и во хуманитарни акции, како продажбата за Божик на предметите од креативната работилница и учество во етно-креативните изложби на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула.

Останува уште да им ја честитаме јубилејната 10-годишнина и да им посакаме што поголем успех во работата, што повеќе активности и што повеќе ученици во наредните години.

М. З.

# Аплауз за „Моми бисерни“

На завршниот концерт на овогодишните јубилејни *40. Средби на загрепските музички аматери*, кој се одржа на 14 јуни 2017 година во Центарот за култура Трешњевка, меѓу многуте хорови, вокални ансамбли, оркестри и пејачки групи на загрепските здруженија, во програмата настапи и пејачката група „Моми бисерни“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб. Под уметничко водство на Сафиудин Алимоски, ги исполнија македонските народни песни *Марие, дилбер бела Марие*, *А бре, воденичаре* и *Седнал дедо крај оган* со што измамија долг



аплауз од публиката. Веќе шеста година по ред групата е присутна на овие *Средби* и добива позитивни оцени од стручната комисија на манифестацијата.

Е. П.

# „Од душа на жената подарено“

Меѓународниот ден на жената, достоинствено прославен во Пула од страна на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“. Со одбележувањето на овој историски ден на економските, политичките и општествените права на жената, нашето Друштво свечено ги отвори „Деновите на македонската култура“ во Истра. Членовите на Друштвото и нивните пријатели имаа чест да присуствуваат на богатата програма „Од душа на жената подарено“. Жената со големо почитување и високо вреднување како сопруга и пред сè како мајка беше прикажана и доловена нејзината неизмерна љубов кон семејството, сопругот и своите чеда. Сите испеани песни, сета кажана и прочитана поезија ја возвиши жената, сопругата, мајката.



Настапи хорот на Друштвото, беше читана поезија, а стана збор и за животните права и дискриминацијата на жената. Вечерта беше збогатена од доста пријатели и гости, а посебна чест ни укажаа претставниците од МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек, претседателот на Друштвото, Борис Трајановски, кој воедно е и потпретседател на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, како и водителките на фолклорната секција Мирта Гало и на етно-креативната работилница, Андријана Галовиќ. Преку етно-креативната работилница на двете друштва се покажаа вредните раце на жената домаќинка, некогаш и денес, со изложување на разни предмети: од ткаени дифтици и ќебиња, плетени покривачи на нашите баби и мајки, до современо осликување на стаклени и дрвени предмети, како и изработен накит и цртани икони. Една икона со ликот на светите браќа Кирил и Методиј зазема почесно место во просториите на нашето Друштво.

Присутните со соло песна ги поздрави претседателот на МКД на ИЖ, Тодор Брдарски и свечено ги отвори „Деновите на македонската култура“ во Истра, кои се финансирани од страна на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска преку Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, од Истарската жупанија и Град Пула.

Програмата заврши со размена на подароци и цвеќе во чест на Осми март, но и со полна трпеза, песна и оро.

Михаела Златеска




20 godina sa Vama

AMPER SERVIS

Cvjetna 6, 10370 Dugo Selo Ispostava: Čulinečka 52, 10000 Zagreb

Instalacije inteligentnih sustava-pametne kuće
Automatizacija, upravljanje i nadzor instalacija u građevinama
Izrada tehničkih riješenja instalacija

*Elektroinstalacije jake i slabe struje *Centralno i podno grijanje *Ventilacija i klimatizacija *Vodovod i odvodnja *Gips kartonski radovi *Elektrostatički podovi *Automatska zaljevanja *Centralno usisavanje *PVC stolarija, inox i crna bravarija

Tel.: 01/2913-194, tel/fax. 01/2913-188, mob.: 0912230 077, 091 4771 777
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
Direktor : Jonče Ilievski

# ПРИДАВКИ (АДЈЕКТИВИ)
## (прв дел)

Придавките именуваат некаква карактеристика на предметите, суштествата и појавите. На пример, ***мала** книга, **црно** куче, **железна** врата, **училиштен** автобус, **голема** победа* итн. Бидејќи тие карактеристики секогаш им се припишуваат на предметите како нивни признак, придавките се во тесна врска со именките. Затоа тие и не се употребуваат самостојно, туку најчесто со именките.

Директната смисловна поврзаност и зависност на придавката доведува и до нејзина граматичка зависност од именката – таа мора да ги има истите граматички белези како и именката до која стои. Значи, ознаките на **родот, бројот и определеноста/неопределеноста** придавките ги добиваат од именките. Меѓу нив постои задолжително согласување во однос на овие категории, со поретки исклучоци кога се работи за некои туѓи придавки, како: *ачик, екстра, мини, пембе, супер, фер* и сл.

За разлика од именката, која му припаѓа само на еден од трите граматички рода (машки, женски, среден), придавката има форми за секој род во еднина (спореди: *добар, добра, добро; селски, селска, селско*).

Во еднина формите на придавките за машки род завршуваат на согласка (*висок*) или на самогласката -и (*божји, братски*), за женски род завршуваат на -а (*висока*), а за среден род на -о (*високо*) и поретко на -е (*наше, ваше, Овче Поле*).

Во множина сите придавки завршуваат на -и (*добри книги, моливи, пенкала*).

Придавските форми за машки род се членуваат со *-от, -ов, -он* (*високиот, високиов, високион*), за женски род со *-та, -ва, -на* (*високата, високава, високана*), за среден род со *-то, -во, -но* (*високото, високово, високоно*), а множинските форми ги имаат членските наставки *-те, -ве, -не* (*високите, високиве, високине*).

Како што може да се забележи од примериве, сите членски наставки директно им се додаваат на неопределените (нечленуваните) придавки, со исклучок на формите за машки род кои во еднина завршуваат на согласка (*зелен-и-от, син-и-от, убав-и-от*). Кај овие придавки членот се додава на т.н. определена форма на придавката која постоела во постарата фаза од развитокот на нашиот јазик. Оваа стара определена форма денеска се среќава во ретки случаи, како, на пример, во некои географски имиња (*Добри Дол*), во личните имиња или прекарите (*Свети Јован, Карло Велики, Тоде Саздовски-Мали*), во обраќањето (*Мили/драги брате!*) и др.

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *„Кратка македонска граматика“*, 25 октомври 1944)

# Уште една успешна година за учениците од ОУ „Скалице“

Има ли поголема радост за учениците од крајот на школската година и доделувањето на свидетелствата за постигнатиот успех? Сигурно не.

Но дали има поголема радост и за наставниците кога ќе имаат пред себе една генерација на деца на кои успеале да им внесат дел од националното битие на нивните претходници?



Веруваме дека сите одговори на овие прашања остануваат непотребни кога ќе се погледнат радосните лица на нашите ученици кои се веќе деветта генерација која го изучува македонскиот јазик и култура по моделот Ц во ОУ „Скалице“ во Сплит, како и радосното лице на нивната наставничка Милена Георгиевска кога им ги доделуваше свидетелствата за успешно поминатата училишна година. Посебно беше задоволна наставничката, бидејќи оваа година имаше дветри нови деца на наши сонародници од втора-трета генерација кои се покажаа доста заинтересирани за оваа настава.

По поделбата на свидетелствата, жупанискиот претставник на македонското национално малцинство за Сплитско-далматинската жупанија, Ангел Митревски, ги почести вредните ученици на веселиот час, одржан последниот ден од учебната година.

Б. М.

# Македонска музичка-гастро вечер во Шибеник

***Воодушевените посетители не можеа да одолеат да се фатат во оро заедно со уметниците од ансамблот во текот на финалната изведба на легендарната македонска песна „Македонско девојче“***





Во пресрет на туристичката сезона, во Шибеник на 12 јуни граѓанската организација „Хрватско-македонска тангента“ организираше Македонска музичко-гастро вечер со гости од Македонија. Пред присутните гости, странски туристи и Шибенчани со своја програма настапија „Балканскиот музички центар“ и ансамблот „Керамичар“ од Велес, кои претставија дел од богатото македонско културно наследство преку традиционални песни, ора и колоритни носии, со што предизвикаа голем интерес кај гостите. Воодушевените посетители не можеа да одолеат да се фатат во оро заедно со уметниците од ансамблот во текот на финалната изведба на легендарната македонска песна „Македонско девојче“, што беше оквалификувано како едно прекрасно дружење низ македонска песна и оро.

По настапот беа послужени македонски специјалитети, гравче-тавче, турли-тава, разни пити, погачи, ајвар, шарпланинско сирење, манастирско јадење, макало, тулумби, баклава и разни колачи. Сето тоа беше залиено и со врвно македонско вино од Тиквешкиот регион.

- Овој настан има културен, забавен, гастро-ено карактер и дава нов импулс и поттик за веќе воспоставените разновидни ангажмани и активности на „Хрватско-македонска тангента“ во доменот на културата, уметноста и медиумите кои стануваа дел од една успешна практика, велат организаторите.

Приказната „Вкусовите на Македонија“ и „Т’га за југ“ ја проследија бројни посетители и претставници на медиумите. Манифестацијата се одржа во соработка со Матица хрватска, огранок Шибеник, а финансиски беше подржана од Туристичката заедница на Град Шибеник.

Пред одржувањето на Македонската музичко-гастро вечер, во градската библиотека „Јурај Шижгориќ“ во Шибеник се реализира поетска вечер со членови на велешкиот Клуб на писатели, а беше поставена и изложба на фотографии од архитектурата на Велес.

Милена Георгиевска



# Вкусовите на Македонија



## Пиперки со праз

**Потребно е:** 10 суви пиперки, еден страк праз, домашен сос од домати, сол, масло за јадење.

**Подготовка:** Пиперките се варат околу 10-15 минути. За пикантно макало можете да ставите 3 лути и 7 благи пиперки. Потоа сварените пиперки се лупат и се толчат во толчник. Празот се сечка на ситно, се пропржува и се додава во пиперките. Се додава и доматен сос и се посолува, по вкус. Маслото се загрева и се попарува одозгора, убаво да жубори кога ќе се прелее одозгора. Сето тоа убаво се меша, за да впие маслото во смесата. Ова макало слободно може да се користи и во комбинација со месо, како оброк.

## Боранија со телешко месо

**Потребно е:** 1/2 кг млада боранија, 1/2 кг телешко месо, сол, вегета, малку путер, масло за јадење, црн пипер, црвен мелен пипер.

**Подготовка:** Прво месото се става на тава да се динста на малку масло и путер, се подлева со малку вода. Кога месото напола ќе биде сварено, се додава боранијата и постапката во варењето и натаму продолжува со повремено мешање и подлевање вода. По вкус на крајот се зачинува со сол, вегета, црн пипер, малку црвен пипер. Оваа комбинација на зеленчук со месо е одлична за летните денови.





## Баклава со ореви и суво грозје

**Потребно е:** 1/2 кг кори за баклава, масло, малку гриз, малку газирана вода. За фил: 3 филџани (100 мл) вода, 200 г шеќер, 200 г ореви, 200 г суво грозје, 2 лажици какао, 1 печиво. За шербет: 600 г шеќер, 600 мл вода, 1/2 лимон исечен на парчиња.

**Подготовка:** Ги ставаме водата и шеќерот (за филот) да зовријат, потоа вариме уште една минута и тргаме на страна, па ги додаваме оревите, сувото грозје и какаото, промешуваме и го додаваме печивото. Потоа ставаме една кора, ја прскаме со масло, ја ставаме втората кора, ја прскаме со масло и посолуваме со гриз, потоа ја додаваме третата кора, ја прскаме со масло, па се става филот на едната страна и се мота во ролат. Постапката ја повторуваме и со преостанатите кори. Пред печење баклавата ја сечеме на парчиња и ја попрскуваме малку со газирана вода. Печеме во претходно загреана рерна на 220 степени додека да порумени, а потоа постепено ја намалуваме температурата. Топлата баклава ја полеваме со оладен шербет.

М. Г.




# ОВЧЕ ПОЛЕ

Македонија е претежно планинска земја со извонредни природни богатства и убавини. Но, планинските венци се испреплетени со бројни котлини и долини, а влијанијата на континенталната и медитеранската клима даваат висока плодородност на обработливата површина со производство на широк спектар овошје, зеленчук и житарки.

Втора по големина житница е котлината Овче Поле или Овчеполие. Сместена е во средишниот дел на Македонија, на надморска височина од 200-400 м. Лежи во сливот на Светиниколска река, десна притока на Брегалница и зафаќа површина од 670 км$^2$. Таа е главно рамничарска, со благи ридести делови. Оградена е со масивот Осогово на североисток, Кумановско-прешевската долина на север, Скопската котлина на северозапад, Велешката котлина на југозапад, долниот дел од сливот на Брегалница на југ, сливот на Злетовска река и Кочанската котлина на исток. Низ неа минува магистралниот пат Велес-Штип, а најголемо место во областа е градот Свети Николе.

Своето име го добила поради големиот број на стада овци кои тука се одгледуваат и презимуваат. Климата е карактеристична, со долги сушни периоди, топли лета, умерено ладни зими и многу ветровити денови. Освен сточарството, развиено е и полјоделството. Најмногу се одгледува пченица, сончоглед, јачмен, 'рж, овес, просо, пченка, луцерка, детелина и крмна пченка. Поради големите површини засеани со сончоглед и сточарството, развиена е и прехранбената индустријата, па постојат бројни рафинерии за масло за јадење, млекарници, месна индустрија и сл. Подрачјето изобилува и со рудни богатства, а според некои истражувања, во средишниот дел се пронајдени и извори на нафта и земен гас.

Релјефот на котлината создава услови за живот на многу грабливи птици, а некои спаѓаат во ретки и загрозени видови – сур орел, орел крсташ, белоглав мршојадец, белонокта ветрушка, мал египетски мршојадец, орел змијар, сив сокол и други. Тука живее и змијата степски удав која достигнува должина и до 70 см.

Овчеполието е населено од праисторијата, уште од периодот на неолитот, што е потврдено со археолошки истражувања. Разни предмети се откриени на локалитетите Барутница, Руг Баир и Алин Дол. Најстари потврдени народи биле Пеонците, а има индиции дека тука се наоѓал и најголемиот пеонски град Билазора.

Културното и историското богатство во овој крај сè уште не е доволно проучено, но познати се посебната архитектура на куќите, изработката на килимите, машката и женската носија и обичаите, а мноштвото народни приказни, песни, легенди и преданија се наслада за душата на секој патник што ќе наврати.

Е. Петровска